СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

26 март 2021 година
број 152

Година XIV Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660

NLB Banka

# И ПОКРАЈ ПАНДЕМИЈАТА ЗАДОВОЛНИ СМЕ ОД РЕАЛИЗИРАНОТО

На 12.3.2021 година се одржа седница на Извршниот одбор на СЗПМ. На седницата покрај членовите на Извршниот одбор присуствуваа и прим. д–р Стојанче Стефаноски, претседател на Комисијата за здравство и социјална политика и д–р Димитар Димитриевски, член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Пред почетокот на седницата компанијата **ИУТЕ**кредит (**iute**credit) имаше куса интересна презентација на своите производи главно од интерес на возрасната популација – пензионерите, која според нив е нивна таргетна група со која добро соработуваат. Подготвени се неколку новини, а една од нив е поместување на старосната граница до 77 години. Минатата година компанијата **ИУТЕ**кредит им подари на скопските здруженија и на десетина во земјата сталки (ногалки за поставување на дезинфекциони средства) и дезинфекциони средства, а со доделување на истите ќе продолжи и оваа година.





Потоа седницата започна според вообичаениот начин со усвојување на записникот од претходната седница и усвојување на дневниот ред.

За Предлог–извештајот за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2020 година, воведно излагање даде претседателката на Сојузот Станка Трајкова. Таа меѓу другото истакна:

– Извештајот за работата има цел да даде отчет за сработеното и оваа година се разликува од претходните бидејќи живеевме и работевме во услови на пандемија. СЗПМ и здруженијата се соочија со предизвикот ковид 19 заради кој дел од активностите беа одложени и заменети со други. Исправени сфативме дека животот и покрај ограничувањата од пандемијата мора да продолжи, се разбира во согласност со препораките на Владата, на Комисијата за здравство на РС Македонија и препораките кои ги создадовме ние како Сојуз.

Гледано во целина на ниво на СЗПМ, во 2020 година на површина и по значење беше социјално–хуманитарна дејност која ја извршуваа самите здруженија или во соработка со општините и Црвениот крст. Овие активности во 2020 година беа поттикнувани од СЗПМ покажувајќи дека треба да бидеме солидарни и хумани кога тоа е потребно.

Во 2020 година СЗПМ континуирано работеше и наметна атмосфера на одговорност во извршување на поставените задачи како граѓанска организација.

На прво место беше прашањето како да се заштитиме како возрасни граѓани, а потоа да работиме на задачи кои по своето значење се во интерес на пензионерите. Така за 2020 година, слободно може да се каже, дека е успешна година бидејќи се решија повеќе прашања за кои редовно информиравме преку „Пензионер плус“ и веб–страницата на СЗПМ. Заслужува да се споменат следните проекти: информација за работата на граноците и клубовите, информацијата за усогласување на статутите на здруженијата со Статутот на СЗПМ, согледување на состојбите во врска со пензионерските и старските домови, воведување телефонска линија „Ало, пензионерски прашања“, формирање фонд на книги кои може да ги користат пензионерите, поведување иницијатива за стекнување на СЗПМ со Статус од јавен интерес која е доставена до Комисијата на Владата за што добивме препорака од МТСП и Црвениот крст на РС Македонија, оформени се седум потстраници на мали здруженија со средства на СЗПМ, дадена е помош на пензионерите од Петриње, Р Хрватска, за настраданите од земјотресот и друго.

**За иницијатива за изменување и дополнување на членот 105 од Законот за здруженија и фондации и иницијатива за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, здруженијата на пензионери да контактираат со пратениците од својата општина во Собранието на РС Македонија, и да им ги објаснат поднесените барања со цел да се извршат соодветни законски измени.**

Поведени се две иницијативи до Собранието на РС Македонија и тоа:

– иницијатива за изменување и дополнување на членот 105; и

– иницијатива за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Во дискусијата која потоа следеше беше потенцирано дека Извештајот е добро подготвен и дека активностите и постигањата поместени во него се резултат на активностите на здруженијата кои беа активни иако имаше ограничувања заради пандемијата, поттикнувани од раководството на Сојузот а особено на претседателката Трајкова со големиот број иницијативи, соопштенија и информации кои им беа дистрибуирани преку весникот „Пензионер плус“, веб–страницата и директно по пошта или по телефон. Ваков добро подготвен Извештај е заслуга на раководството на СЗПМ. Во Извештајот секоја активност е јасно и концизно прикажана. По дискусијата на повеќе членови Извештајот беше оценет како сеопфатен и едногласно беше одобрен да оди на седницата на Собранието на Сојузот на усвојување.

За Финансискиот извештај, за остварените приходи и извршените расходи во 2020 година на Сојузот, кратко образложение даде секретарот на Извршниот одбор Менка Темелковска, која истакна дека во претходната година се остварени приходи во износ од 9.067.610 денари, главно од членарината, а вкупните расходи се во износ од 5.982.683 денари и истите се пониски во однос на планираните, што значи дека рационално се користени средствата, но и заради нереализирани активности заради пандемијата. Најголем дел од расходите или 52,7% се однесуваат на функционалните расходи.

И Предлог–финансискиот извештајот беше едногласно прифатен, како и Предлог–годишната сметка за 2020 година.

На седницата беа донесени следните одлуки:

– Одлука за определување на домаќини за 19–тите регионални ревии на песна, музика и игри, за 2021 година. Домаќини ќе бидат здруженијата:

| | |
|---|---|
| **Делчево** | **Гевгелија** |
| **Кисела Вода** | **Куманово** |
| **Прилеп** | **Штип** |
| **Струга** | **Тетово** |

кои веќе дадоа изјави за согласност.

– Одлука за определување на Организационен одбор за спроведување на ревиите на песна, музика и игри во 2021 година во состав:

Станка Трајкова
Илија Адамоски
Ментор Коку
Менка Темелковска
Магдалена Спировска
Томче Стојков
Претседателот на здружението домаќин на регионалната ревија

На седницата на Комисијата за културно–забавен живот проширени се и дополнети препораките од минатата година и ќе им бидат доставени на здруженијата.

– Одлука за прогласување на 2021 година за година на хуманитарни активности и спроведување анонимна анкета на пензионерите, членови на 53–те здруженија, со цел да се добијат одговори и сознанија на повеќе прашања во врска со животот на пензионерите. Предлогот го елаборираше примариус д–р Стојанче Стефаноски. Изготвен е постер и флаер.

На седницата свое излагање имаше и д–р Димитар Димитриевски, член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување кој информираше дека се поднесени неколку барања меѓу кои да се прошири позитивната листа на лекови, квотата за операции на катаракта на сметка на Фондот и да се дозволи да вршат операции и во другите болници кои досега не вршеле и др.

**К. С. Андонова**

## ВО ОВОЈ БРОЈ...

АКТУЕЛНОСТИ стр. 2

СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ СЗПМ И ФПИОСМ Е НА ПОСАКУВАНОТО НИВО стр. 3
АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА стр. 4 и 5

АКТИВНОСТИ ЗА ПРИМЕР стр. 7
ИНФО стр. 8
8. МАРТ ОДБЕЛЕЖАН ПРИГОДНО, ДОСТОИНСТВЕНО И СПОРЕД ОКОЛНОСТИТЕ стр. 9

СПОМЕНУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ПОЕТ ЧЕДО ЈАКИМОВСКИ стр. 11
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12
ЗДРАВСТВО стр. 13
ЗАБАВА стр. 15
ПЕНЗИОНЕРИТЕ СО ТАГА СЕ СЕЌАВААТ НА ДЕПОРТИРАНИТЕ ЕВРЕЈСКИ ГРАЃАНИ стр. 16

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
**22 април**
**- Прилог за пензионери во „Коха“**
**30 април**
**„Пензионер плус“**

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

**„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“ СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ**
**02/3213 227**

HALKBANK SKOPJE

ЗП Битола

# Обуката за анкетирање значајна за целосен успех

Акцијата за изработка на социјални карти за пензионерите што ја презеде СЗПМ веќе неколку месеци е сеопфатно третирана на повеќе состаноци во ЗП Битола. Целокупните раководни органи, комисиите и останатите тела подетално се запознати за изработка на социјалната карта, а за таа цел на почетокот од февруари 2021 година се одржаа и три состаноци за обука на волонтерите што треба да бидат ангажирани за изработка на пензионерската социјална карта.



На еден од состаноците присуствуваше и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и стручниот соработник Јован Мазгански.

На состанокот претседателката Станка Трајкова, во своето излагање пред присутните ја нагласи потребата за што помасовно вклучување на членовите на здружението за доставување податоци кои ќе бидат употребени во корист и за потребите на пензионерите. Преку социјалната карта во здружението и во СЗПМ ќе се знае каква е состојбата во неговото членство за да може по потреба да се интервенира за разрешување на некои нивни проблеми.

Мазгански како учесник во повеќе вакви пописни акции, стручно и детално даваше свои образложенија како ангажираните волонтери да ја извршат својата задача со анкетирањето. Со анкетниот лист ќе треба да се сознаат одредени податоци за здравствената состојба на пензионерите, какви се нивните основни средства за живот, како ја одржуваат хигиената, користењето прехранбени продукти за здрав живот, подмирување на давачките кон јавните претпријатија и друго, што ќе биде евидентирано за нивниот живот и подобра егзистенција. Сите податоци ќе бидат регистрирани согласно со Законот за заштита на лични податоци и правилникот за заштита на истите.

За време на својот престој во ЗП Битола претседателката Станка Трајкова со раководителите на ЗП Битола Томе Димитровски, Крсте Белевски и Даница Петличкова се интересирале и за други тековни активности и ангажирања на битолските пензионери и мерките што се преземаат за нивна подобра здравствена заштита и запазувањето на препораките против пандемијата од вирусот Ковид 19.

Во средината на февруари ИО на ЗП Битола го прифати Предлог-извештајот за работата во минатата година, а за Завршната финансиска сметка свое излагање имаше референтот во ЗП Битола Валентина Станојовска, која истакна дека се работело економично, средствата се трошеле домаќински, а одредена материјална помош е дадена за операции и болести на пензионери и медицински установи со кои ЗП Битола соработува за подобро одржување на здравјето на своите членови. Во дискусијата беше нагласена потребата од одржување на фолклорните ревии и спортските игри што ги организира СЗПМ доколку за тоа дозволат условите за ефикасна заштита на пензионерите од пандемијата, против која за вакцинација веќе се пријавуваат голем број пензионери.

Што се однесува за користење на огревните дрва запишувањето на пензионерите со плаќање на рати привршува. На пензионерите од ЗП Битола, ќе им бидат доставени 6 000 просторни метри бука и 2 000 просторни метри даб.

**П. Ставрев**

ЗП Радовиш и Конче

# Отчетна седница

Собранието при ЗП Радовиш и Конче, на 9.3.2021 г. ја одржа петтата проширена седница во големата сала на ЗП со сите мерки за заштита од вирусот ковид 19. На неа присуствуваше и Тимчо Дамбов, претседател на Надзорниот одбор, како и претседателите на комисиите при Здружението: Славе Ристов – претседател на Комисијата за станбени односи и работа со клубови, Павлинка Кошевец – претседател на Комисијата за културно-забавен живот, Георги Андреев – претседател на Комисијата за спорт и рекреација и Злата Димова – претседател на Актив на жени. Отсутен беше само претседателот на Комисијата за здравство и хуманитарни работи. Согласно Деловникот за работа на Собранието, за претседавач беше избран Симеон Спасов.



По усвојување на записникот од претходната седница на Собранието се помина на усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за финансовата контрола за работење на Здружението во 2020 г.

Претседателот на Надзорниот одбор Тимчо Дамбов, информираше дека од увидот во работата на здружението и направената Завршна сметка од книговодителката Зорка Матрапазова, утврдиле дека во изминатата 2020 година, здружението работело домаќински. Извештајот беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

За Годишниот извештај за работа на ЗПОРК-Радовиш во 2020 г., образложи претседателот на здружението Митко Стефанов, кој потенцираше дека заради пандемијата, многу од планираните активности само дел се реализирани и тоа: учество на Регионалната ревија на песни, музика и игри, регионалните смотри на песни, музика и игри, делење на хуманитарни пакети, уредување на стопанскиот двор, клубот и управните простории и сл. По неколкуте дискусии Годишниот извештај за работа на Здружението во 2020 г. беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

Во врска со усвојување на Годишната сметка на ЗПОРК – Радовиш и Конче за 2020 г., претседателот на здружението нагласи дека во расходниот дел реализацијата е само околу 40%, пред сè, поради нереализираните екскурзии, други пензионерски манифестации и спортски натпревари. Но сепак беа набавени основни средства и направени извесен број реновирања: поставување кров на целиот Пензионерски дом во Радовиш, поставување ламинат во Клубот во Радовиш, варосување на влезовите од пензионерскиот дом, управата и клубот, набавка на 2 инвертер клима-уреди, набавка на 3 воздушни пушки и беше реновиран санитарниот јазол од тоалетите на Клубот. Завршната сметка за 2020 г. на ЗПОРК, со ниеден глас против и воздржан, беше усвоена.

**Павлина Кошевац**

ЗП Виница

# Корисна средба со градоначалникот

Наталожените проблеми кои со години наназат го тиштат ЗП Виница деновиве беа предмет на дискусија помеѓу претседателот и секретарот на ЗП Виница со градоначалникот на СО Виница Ивица Димитров.

На овој работен состанок претставниците на ЗП Виница отворија повеќе проблеми со кои се соочуваат, а главниот акцент го ставија на сопственоста на пензионерскиот дом во Виница кој моментално е под надлежност на Фондот за ПИОМ. На оваа тема градоначалникот Димитров изјави дека е во преговори со раководителот на Фондот на ПИОМ на РСМ, а Општина Виница ќе побара од Владата на РСМ да ја преотстапи сопственоста на Општина Виница, а потоа со одлука на Советот на Општина Виница ќа се преотстапи на ЗП Виница.



Пензионерите побараа и дополнителна поддршка од Општина Виница да се поплочи паркинг-просторот пред домот. Градоначалникот даде ветување дека во наредниот тендер кој ќе го спроведе Општината ќе го вметнат во програмата и паркинг-просторот пред Домот на пензионерите Виница.

Пензионерите побараа и изградба на пензионерски дом во село Блатец на што градоначалникот Димитров вети дека на крајот на годината Интернатот за деца со посебни потреби ќе им го преотстапи на пензионерите бидејќи децата со посебни потреби се вклучени во редовната настава. Интернатот во село Блатец минатата година целосно е реновиран со нова термоизолациона фасада, нова столарија, нови кревети и душеци и нови санитарни јазли кои ќе бидат дадени на користење токму на пензионерите, а за оваа одлука е запознаена и министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска.

Пензионерите бараа и помош за нега и грижа за стари и изнемоштени лица. За ова барање градоначалникот им посочи дека заедно со ОО на Црвен крст Виница имаат волонтери кои се грижат за оваа категорија граѓани и со нив треба да работат заедно.

Како завршно од состанокот претставниците на ЗП Виница ја искажаа својата благодарност до градоначалникот и Советот на Општина Виница за досегашната соработка и поддршката што ја добиваат и финансиска и материјална, и во иднина очекуваат отворање на нови пензионерски домови и пензионерски клубови во населените места во Општина Виница. **Петруш Димитров**

ЗП Пехчево

# Активности и во услови на пандемија

И во услови кои се наметнати од пандемијата со ковид 19 предвидените активности и зададените рокови треба да се почитуваат и потребно е да се изврши сумирање на постигнатото во минатата година. Собранието на ЗП Пехчево го одржа Годишното собрание, а на истото му претходеше и седница на Извршниот одбор, на кое на дневен ред беа Извештајот за работата на здружението во изминатата година, Финансискиот извештај за 2020, Финансискиот план и Предлог-програмата за работа на здружението во 2021 година, кои претходно беа едногласно усвоени на седница на ИО. Седницата на Собранието се одржа во новите простории на Пензионерскиот клуб во Пехчево, со запазување на сите препорачани мерки за заштита од ковид 19. Во работата на Собранието учествуваше и грдоначалникот на Општина Пехчево Драган Тренчовски, кој активно со свои дискусии се вклучи во работата. Претседателот на здружението Борис Заринскиво својата дискусија по Извештајот за работата во 2020 година истакна дека здружението максимално ги почитувало препораките на здравствените власти.



– Опстанавме и се дружиме. На регионалната ревија на песни, музика и игри не присуствувавме затоа што групата сметаше дека не е добро да се дели како што беше препрепорачано од СЗПМ да настапи помал број учесници заради пандемијата. Во ред беше идејата традицијата да продолжи, но поважно во моментот беше здравјето на членовите. Донесена беше одлука да не се одржат и спортските игри. Во изминатиот период се посетени неколку колеги пензионери кои живеат сами и имаат здравствени проблеми, и во даден момент ја ангажиравме и Итната медицинска помош. Во 2021 година зедовме обврска пред просториите на Пензионерскиот клуб да изградиме тенда. Имаме дел од потребните средства, но со барање се обративме и до Советот на Општина Пехчево и МТСП за финансиска помош. Ако се јави иницијатива од некој огранок спремни сме да опремиме и простории за клуб, за што има предвидени средства и од СЗПМ.

Градоначалникот на Општина Пехчево Драган Тренчовски заблагодарувајќи се за поканата истакна дека активностите на сите нивоа поради пандемијата се намалени и дека е потребно сите да ги почитуваме мерките на здравствените власти.

– Општина Пехчево и во наредниот период финансиски во граница на своите можности ќе учествува во реализацијa на годишните програми на здружението. Во буџетот за 2021 година имаме предвидено средства за НВО. Може пензионери да се вклучат во работата на Советот на Општина Пехчево, по прашања од одредени тематски области. Во наредниот период планираме преку доставени барања до одредени министерства да го решиме статусот на објектот во кој сега е пензионерскиот клуб за да ги добиете просториите на трајно користење. Преку проекти со УНДП имаме организирано патронажни служби за помош на стари и изнемоштени лица. Во врска со поставеното прашање за изградба – реновирање на објектот и отворање на старски дом, ДУП-от за тој дел помина, но има некои законски пречки за кои се надевам дека ќе ги решиме и наскоро очекувам да почне изградбата.

Во понатамошниот тек на седницата на дневен ред беше и Финансискиот извештај за 2020 година и Финансискиот план за 2021 година, кои по кратки дискусии беа усвоени.

Предлог-програмата за работата на здружението во 2021 година предизвика забележителен интерес кај делегатите на Собранието кои предложија определени активности како надополнување на истата, чијашто реализација ќе зависи од текот на пандемијата.

**А. Кацарски**

ЗП Карпош

# Работа во услови на пандемија

Помина една цела година од појавата на пандемијата од ковид-19, која наметна оддалеченост и слаба комуникација помеѓу членовите на Здруженијата. Така е и во ЗП Карпош. Во овој период на пандемија, кога условите за работа се значително отежнати, особено се внимава на заштитата на членовите, па иако активностите значително се намалени, сепак има континуитет во работата.





За здружението особено значајна беше работната средба со претседателката на СЗПМ СтанкаТрајкова, на која присуствуваа Јован Гиновски, претседател на ЗП Карпош и претседател на Собранието, како и Трифун Донев, претседател на Извршниот одбор на Здружението. Средбата се одржа на 04.02.2021 година во седиштето на ЗП Карпош, на која претседателката беше запознаена со работата на здружението и Програмата за 2021 година и дека во периодот на програмата приоритет на здружението му беа хуманитарните активности. Клубовите беа затворени, а работеше само седиштето на ЗП Карпош. Во 2020 година, доделена е еднократна помош во износ од 3.000 ден. на 62 пензионери од сите Ограноци, со примања до 13.000 ден. Исто така на СОС Детско Село се донирани 30.000 ден. Тоа беа средства од откажаните надоместоци за месец март и април 2020 година.

На 19.02.2021 год. одржана е седница на Извршниот одбор, со придржување на сите протоколи за заштита. Пред присутните беше презентирана финансиската состојба и Годишната сметка за 2020 год. Истовремено се поведе иницијатива за активирање на Здрижението за негово информирање во весникот „Пензионер плус“.

Претседателите на седумте Ограноци кои го сочинуваат Здружението, на 24.02.2021 година, одржаа состанок со претседаталот на Здружението и претседател на Собранието, на кој, на иницијатива на претседателот Јован Гиновски, подготвени се и ажурирани списоци во пишана и електронска форма на сите членови, со проверка на податоците, според местото на живеење и улиците кои припаѓаат на пооделните Ограноци на Здружението. Подготвен е албум со фотографии. Голем дел од нив се и врамени и ги красат ѕидовите на клубот на огранокот „Владо Тасевски“ и клубот во огранокот „Тафталиџе 1, 2“. Убав пример кој треба да го следат и други здруженија и клубови.

**Душан Јовановиќ**

Разговор со в.д. директорката на ФПИОСМ, Билјана Јовановска

# Соработката е на посакуваното ниво

Соработката помеѓу Фондот на пензиско–инвалидското осигурување во нашата земја и Сојузот на здруженијата на пензионерите на




Македонија е на посакуваното ниво, **во интерес на сегашните и идните пензионери**. И досега Сојузот имал добри конекции со Фондот, што е природно и неопходно заради целите и задачите поместени во актите и програмите за работа на Фондот и на Сојузот. Тие соработуваат на сè што е поврзано со сегашните и идните пензионери во границите на можностите со цел живот на пензионерите да биде што поквалитетен и подобар. Во врска со соработката в.д. директорката на ФПИОСМ, Билјана Јовановска вели:

– Така било и така ќе биде и во иднина. Јас лично ќе се залгам максимално во таа насока со сето мое знаење, искуство и интелектуален капацитет, заедно со мојот тим. Грижата на пензискиот фонд не престанува со добивање на решение за пензија, туку продолжува во постапката при остварување на правата, исплатата на пензиите, исплатата на посмртната помош, на уточнување на податоците за собирање членарина и воопшто унапредување на пензискиот систем.

Во рамките на соработката директорката Јовановска беше гостинка на СЗПМ и одговараше на прашања кои директно ги поставуваа пензионерите на линијата „Ало – пензионерски прашања". Еве што вели за тоа:

– Пред сè сакам да кажам дека да одговарам директно на прашања кои ќе ми ги поставуваат пензионерите на телефонската линија „Ало – пензионерски прашања" беше моја, договорена




на една од нашите работни средби со претседателката на Сојузот Станка Трајкова, а ќе одговарам и друг пат на прашања кои ќе ги наметне актуелното време. Што се однесува до „гостувањето", ми беше задоволство и чест да им одговарам на прашањата на нашите највозрасни граѓани. За што ме прашуваа? За многу нешта. Еве ќе издвојам некои од прашањата заедно со моите одговори:

- Зошто постапката за добивање пензија долго трае? (постапката не е едноставна, но јас интензивно работам рокот од поднесување на барање до донесување на решение за пензија да биде пократок. Ве молам јавете се на овој број или во Фондот и ќе се изврши увид и ќе се преземат активности)
- Дали и оваа година ќе има бањска рекреација (да ако дозволат здравствените услови заради пандемијата од ковид 19)
- Ќе има ли петти пакет и дали во него ќе бидат опфатени и пензионерите и кои? (тоа ќе одлучи Владата, а ние како фонд ќе направиме сè сите мерки да дојдат што побрзо и побезбедно до примателите).
- Имаше и повеќе прашања од здравствената заштита како што е дали ќе се прошири позитивната листа на лекови, ќе има ли бесплатни тестови за ковид 19, кога ќе бидат вакцинирани пензионерите и друго, на кои јас одговарав во граница на моите сознанија.

Стојам на располагање и во иднина да имам ваква директна комуникација со сегашните и идните пензионери. **К. С. А.**

(Сл. весник на РМ бр. 169/15,226/15,55/16,11/18,83/18 и 302/20)

# Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

Во последните денови меѓу пензионерите се појавија реагирања дека прописите во врска со издавање на возачката дозвола се изменије и дека на старите лица вклучувајќи ги и пензионерите нема повеќе да им се издава дозвола со навршување на 80 години.

Со цел да се информираат пензионерите се направи осврт во Законот за заштита на безбедноста во сообраќајот на патиштата и притоа се утврди дека на овој закон не постои пречистен текст и затоа заради појасно информирање на пензионерите се направи интерен пречистен текст на членот 304, кој гласи:

„(1) Возачката дозвола се издава со рок на важење од десет години, а на лицата постари од 75 години, со рок на важење од пет години.

(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, возачка дозвола за категориите „Ц1" „Ц1Е" „Ц" „ЦЕ" „Д1Е" и „Т" се издава со рок на важење од пет години.

(3) Рокот на важење на возачката дозвола се смета од денот на нејзиното издавање.

(4) На лицата кои во време на издавањето на возачката дозвола имаат повеќе од 70 години, возачката дозвола им се издава со рок на важност до денот на навршување на 75 години возраст.

(5) Возачка дозвола може да се издаде или нејзината важност може да се ограничи и на рокови пократки од ставовите (1), (2), и (4) на овој член, врз основа намислењето на здравствената установа, содржани во уверението за здравствената и психичката способност на лицето."

Од изложената законска одредба се гледа дека трите последни измени на членот 304 од спомenатиот закон се во интерес на возрасните лица односно на пензионерите со покачување на возраста и рокот на траењето на возачката дозвола односно намалување на бројот на контролните прегледи. Меѓутоа, законодавецот во измените извршени на ставот 5 на членот 304 во 2018 година, заради безбедност во сообраќајот утврдува дека возачката дозвола во сите случаи може да се ограничи и на пократки рокови зависно од здравствената и психофизичката состојба на лицето.

На крајот се известуваат пензионерите дека согласно со постојниот Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата не постои ограничување на издавање на возачката дозвола само поради наполнување на 80 години, но секогаш треба да се има предвик дека при издавање на возачката дозвола во сите случаи релевантна е здравствената состојба на возачот.

Исто така, од изложениот текст се гледа дека последните измени поврзани со возачакта дозвола се од декември 2020 година, а за евентуални наредни измени кои ќе се од значење за пензионерите ќе бидете благовремено известени.

**Станка Трајкова**
**претседател на СЗПМ**

ЗП Чаир

# Средба со градоначалникот на Општина Чаир

Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова, заедно со делегација од ЗП Чаир, на 10 март 2021 година оствари средба со градоначалникот на Општина Чаир Висар Ганиу, кој беше запознаен со тековните активности на Сојузот и со секојдневните проблеми со кои се судираат пензионерите од ЗП Чаир.





Претседателката Трајкова во знак на благодарност за поддршката што градоначалникот Ганиу, во рамките на своите можности секогаш е подготвен да им излезе во пресрет на барањата на пензионерите, му врачи примерок од Монографијата на СЗПМ, со посвета од претседателката Трајкова, каде што е поместен текстот од музичката ревија на која беше присутен градоначалникот, а домаќин беше ЗП Чаир и примерок од весникот „Пензионер плус".

Претставник од ЗП Чаир го запозна градоначалникот со развојниот пат и работата на здружението, при што нагласки дека оваа е уште една од низата средби на која се разговара за поддршка на оваа категорија граѓани, со цел да се подобрат нивните услови за живот. Посебно се задржа за обезбедување простории за разгранoците на Здружението, кои ќе им служат како клубови за секојдневна дружба на пензионерите во разни делови од општината. Тој ја истакна традиционално добрата соработка со општинските власти, му се заблагодари на градоначалникот Ганиу за она што општината и тој лично досега го имаат направено за пензионерите и ја изрази својата поддршка за идните заеднички активности.

На средбата градоначалникот Ганиу ја потврди одличната соработка со пензионерите, нагласувајќи дека сите нивни активности и потреби се поддржани од Општината истакнувајќи дека грижата за највозрасната група граѓани продолжува да се унапредува, со цел овозможување на поубави и безгрижни пензионерски денови. Градоначалникот вети дека грижата за пензионерските клубови во Општина Чаир ќе продолжи и во иднина и најави дека ќе се ангажира и заложи за кус период да се пронајдат соодветни објекти, за кои киријата и инвентарот ќе биде на товар на Општината.

На крајот, беше искажана благодарност кон Општината и градоначалникот Ганиу за континуираната поддршка и беше оценето дека средбата била продуктивна.

**Васил Пачемски**

ЗП Демир Капија

# Станка Трајкова, претседателката на СЗПМ, во работна посета на Здружението

Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова деновиве беше во работна посета на Здружението на пензионерите од Демир Капија. Работната средба се одржа во просториите на здружението каде што беа разгледани досегашните и идните активности на ова здружение и соработката со Сојузот на пензионерите. Посебен акцент беше ставен на состојбата со коронавирусот и зачувување на здравјето на пензионерите во услови на пандемија.



Работната средба продолжи во просториите на Општина Демир Капија каде што претседателката на СЗПМ и претставниците од Здружението на пензионери од Демир Капија Благој Кавазовски, Диме Илов, Лазар Ангелов и Костадин Ѓоргиев, беа примени од градоначалникот на Општина Демир Капија Лазар Петров. Во плодна дискусија беше констатирана перманентната соработка помеѓу Општина и ЗП Демир Капија која е на високо ниво и ќе продолжи и понатаму на сите полиња од живеењето.

**Петре Пашоевски**

ЗП Делчево

# Примариус д-р Виолета Арсова избрана за нов претседател на Здружението

Поради оставката од лични причини на досегашната претседателка на Здружението на пензионери Делчево Голубинка Анастасова, на 21.2.2021 година делегатите на Собранието на Здружението на пензионерите Делчево ја избраа примариус д–р Виолета Арсова за нов претседател на здружението.

На 4.3.2021 год. Извршниот одбор на Здружението на пензионерите на Општина Делчево, одржа седница по повод 8 Март, Денот на жената. На неа, покрај другото, беше донесена одлука за доделување солидарна помош на пензионерки од Општина Делчево. Поради пандемијата од ковид 19 средствата предвидени за осмомартовска прослава се пренамeнети за доделување на социјални пакети на пензионерки од 14 ограноци, по еден пакет и тоа на пензионерки со ниски пензии.



Исто така се донесе одлука Клубот на пензионерите поради здравствената ситуација во земјата да работи со скратено работно време со строго почитување на мерките предвидени од страна на Владата на РС Македонија и Комисијата за заразни болести, како и почитување на упатствата дадени од страна на СЗПМ.



**Никола Арсов**

# Работна средба во СЗПМ со ЗП Шуто Оризари

На 2.3.2021 година, потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ Ментор Ќоку, оствари работна средба со претседателот и секретарот на ЗП Шуто Оризари. Средбата беше остварена во рамките на Програмата за посета на пензионерските здруженија од скопскиот регион. Целта беше меѓусебно запознавање со активностите на Сојузот и здруженијата на пензионери, членки на СЗПМ и со активностите преземени во текот на 2020 година и активностите кои се планираат да бидат преземени во 2021 година.

Откако потпретседателот на Извршниот одбор Ментор Ќоку ги запозна претставниците на ЗП Шуто Оризари со активностите на СЗПМ преземени во 2020 година, во услови на пандемијата ковид 19, претседателот на ЗП Шуто Оризари даде акцент на активностите на здружението истакнувајќи ги посебно подготовките за учество на Регионалната ревија на песни, музика и ора, на која тие како и секогаш, се претставија достоинствено. Беше истакнато и тоа дека здружението цело време работело на тој начин, што биле одредени дежурства, а сите членови дежурале по еден ден во неделата. Беа изнесени и проблемите со кои се соочува здружението. Еден од нив е користењето на деловниот простор, доделен од ФПИОМ. Решението беше тоа да го расчистат со ФПИОМ, односно да се утврди точно кој простор му е доделен на користење на ЗП Шуто Оризари. Исто така, им беше укажано строго да ги применуваат Статутот и другите нормативни акти на здружението и дека треба Статутот на Здружението да го усогласат со Статутот на СЗПМ.

**К.С.А.**

ЗП Кратово

## Утврдени активностите за 2021

На 25.02.2021 година Извршниот одбор на ЗПО Кратово ја одржа својата 13–та седница, на која најнапред беше усвоен дневниот ред, како и записникот од 12–та седница на ИО на



ЗПО Кратово, а потоа се расправаше по Предлог–извештај за работата на Собранието на ЗПО Кратово, Извршниот одбор, Надзорниот одбор, комисиите при ЗПО Кратово и Стручната служба за 2020 година. Понатаму беше донесена Предлог Програмата за работа на ЗПО Кратово за 2021 година.

Исто така, беше разгледан и дополнет Календарот за спорт и рекреации и ревии за 2021 година.

На седницата на Извршниот одбор на ЗПО Кратово беше разгледана и Годишната сметка на ЗПО Кратово за 2020 година, како и Финансовиот план за 2021 година. На истата седница беа донесени повеќе предлог одлуки меѓу кои:

- Предлог–одлука за спорт, рекреации и ревии.
- Предлог–одлука за патни и дневни трошоци.
- Предлог–одлука за награда на избраните лица во ЗПО Кратово.

На самата седница беше констатирано дека и во услови на пандемија од Ковид 19 органите на ЗПО Кратово успешно ја реализираат својата програма и со успех ги извршуваат своите задачи.

Седницата се одржа во услови и мерки предвидени за време на пандемијата од Ковид 19. **Методи Мишевски**

ЗП Центар – Деветта седница на Собранието

## Усвоени важни документи за работа

На 25.2.2021 година, се одржа 9. седница на Собранието на ЗП Центар. На дневен ред, беа Извештајот за работа на ЗП Центар, Извештајот на Надзорниот одбор за материјално–финансиското работење, Годишната сметка на при-



ходите и расходите за 2020 и Програмата за работа на Здружението за 2021 година. На седницата со која раководеше претседателката на Собранието Зорица Димовска, беше донесена и Одлука за измени и дополнување на Статутот на Здружението. Уводни забелешки на оваа седница даде претседателот на Извршниот одбор и на Здружението Павле Спасев, кој меѓу другото нагласи дека Здружението и натаму ја продолжува домаќински да се однесува кон пензионерскиот денар, и дека и во периодот што претстои, и покрај отежнатите услови заради короната, Здружението ќе продолжи со своите многубројни активности, почитувајќи ги донесените протоколи.

Извештајот на Надзорниот одбор за материјално–финансиското работење на Здружението во 2020 година, го поднесе претседателот Љубен Митев.

Врз основа на фактичката состојба, НО констатира дека материјално–финансиското работење на Здружението се води согласно со важечките прописи и расходите се во рамките на планираното и не се најдени неправилности во работењето, затоа му предложи на Собранието да ги усвои Годишната сметка заедно со Извештајот на Надзорниот одбор. По кратка дискусија, Собранието ги усвои овие документи, а потоа се задржа на Извештајот за работа на здружението во 2020 година и на Програмата за работа на Здружението во 2021 година.

Минатата година заради пандемијата со корона вирусот, активностите се одвиваа во отежнати услови, клубовите на пензионерите веќе една година не работат, а се одржа само Регионалната ревија на песни, музика и игри со намален број учесници. Сепак и Собранието и Извршниот одбор, одржаа по неколку седници, расправаа за важните и тековните прашања и ги донесоа неопходните одлуки за работа на Здружението.

Усвојувајќи ја Програмата за работа за 2021 година, присутните ја нагласија потребата во активностите да се користат искуствата од досегашната работа на органите и телата. Собранието, покрај за документите за материјално–финансиското работење ќе ги разгледува и расправа и другите прашања и проблеми што ќе произлезат во текот на годината, а своите активности, како и досега, ќе ги извршува согласно со Статутот и Деловникот за работа и програмските задачи. Доколку дозволат условите, оваа година ќе се организираат сите активности на културен и спортски план, еднодневните и дводневните екскурзии и друго. Здружението ќе продолжи и со грижата за здравјето на пензионерите. Програмата е отворена и ќе може да се надополнува. И во оваа година ќе продолжи, традиционално, добрата соработка со СЗПМ, како и на СЗП на град Скопје и со локалната самоуправа. **Цветанка Илиева**

ЗП Чаир

## Позитивни оцени за 2020

Годишниот извештај за работа и Завршната сметка за 2020 година, како и Програмата за работа на здружението и Финансискиот план за 2021 година, беа главни точки на дневниот ред на првата седница во оваа година на Собранието на ЗП Чаир, што се одржа на 15 март 2021 година во салата за состаноци на Општината со сите про-



токоларни услови. Седницата ја отвори и ја раководеше претседателот на Собранието Рауф Хамиди, кој по утврдувањето на присутноста го соопшти дневниот ред за работата на Собранието.

По усвојувањето на дневниот ред, координаторот Тодор Илиев во воведниот збор ја истакна успешноста во работењето на Здружението и покрај лошите услови за работа, за што беше изразено задоволство од остварените во годината која измина. Тој наведе повеќе значајни реализирани проекти, ставајќи акцент на социјално–хуманитарната активност, на културно–забавниот живот, здравствената заштита и друго. Минатата година, како што ја нарече, лоша година, не само за пензионерите, туку и пошироко, беше сведена најмногу на доделување еднократна и друг вид парична помош за време на пандемијата од ковид 19, на членството.

За Финансискиот извештај, претседателката на Надзорниот одбор Виолета Шишкова во своето излагање потенцираше дека остварените приходи и расходи се реализирани согласно со финансискиот план за 2020 година. Од информацијата, може јасно да се види дека расположливите финансиски средства се трошеле домаќински. Се заклучи, дека намалени се активностите, со што се намалени и финансиските трошоци. Финансискиот план за 2021 година, беше истакнато дека е изготвен на основа на реалните согледувања и проценки на приходите и расходите и дека истиот е реален и остварлив. Беше разгледана и Програмата за работа за 2021 година, при што беше речено дека е направена како да се работи во нормални услови, во спротивно ќе биде редуцирана како и во изминатата година.

За сите документи, членовите на Собранието покажаа голем интерес што се потврди со плодна и конструктивна дискусија на поголем број делегати.

Делегатите на Собранието ги разгледаа и дадоа „зелено светло" за она што беше сработено минатата година и за она што треба да се сработи во текот на оваа со надеж дека 2021 година ќе биде поинаква. **В. Пачемски**

ЗП Газибаба

## Телефонска седница на ИО и Собранието

На петти март во протоколарни услови, како што налагаат здравствените власти, Извршниот одбор и Собранието на ЗП Гази Баба, одржаа телефонски седници на кои беа поставени на дневен ред повеќе точки од работата на здружението. Материјалите на членовите на ИО и Собранието им беа доставени преку претседателите на разграноците.



На седницата на Извршниот одбор, покрај другото беа разгледани и усвоени важни документи за нормално функционирање на здружението, кои материјали претходно ги разгледаа и усвојја одборите на сите разграноци на здружението. Утврден беше текстот за разгледување на завршната сметка за 2020 година, разгледување на извештајот на Надзорниот одбор и разгледување на ребалансот за 2020 година, сите со предлог до Собранието за усвојување. Исто така, беа усвоени и мерките за одржување на седницата на Собранието во услови на пандемија. На седницата се констатираше дека, иако се работело во отежнати околности ентузијазмот на членството не се намалува, а беа донесени неколку одлуки што се битни за работата на здружението.

По куса пауза, Собранието ја започна својата телефонска седница на која на дневен ред беа точките по предлог на ИО. Беше усвоена годишната сметка за 2020 година за која се заклучи дека и оваа година таа е со позитивен резултат кој ќе се распореди за пренос во наредната, а со намена за тековните потреби. По извршениот увид во документацијата, на целокупното работење на здружението, Надзорниот одбор во извештајот утврди дека е уредно водена, домаќински се работело со финансиските средства а исплатите се вршени согласно со одлуките на ИО на здружението и законските прописи. Беше разгледан и усвоен и ребалансот за 2020 година по предлог на ИО.

На седницата едногласно беа усвоени сите точки од дневниот ред и беше заклучено дека во деловната 2020 година ЗП Гази Баба, со состојбата на 31.12.2020 година, остварило финансиски резултат што претставува зголемување на позитивната разлика на намалените активности предвидени со Програмата за 2020 година, а не реализирани поради пандемијата. Беше речено дека во такви вонредни услови немa можност за реализирање на сите активности предвидени со оперативната програма, но со надеж дека оваа пандемија ќе исчезне и пропуштеното ќе можа да се реализира согласно со состојбата на моменталната ситуација во 2021 година. **Васил Пачемски**

ЗП Кисела Вода

## Отчетни седници

Согласно со Статутот на ЗП Кисела Вода, на 23.12.2021 г. одржани се отчетни седници на ИО и Собранието на ЗП К. Вода во големата сала на Општина Кисела Вода. Состанокот го во-



деше претседателот на Собранието Цветан Ристевски во присуство на членовите, претседателот на здружението Момчило Петровиќ и членовите на Надзорниот одбор. На дневен ред беше извештајот за работата на здружението за 2020 г. и разгледување на Програмата за работа во 2021 година. Седницата се одвиваше во работна атмосфера со почитување на протоколот за заштита од пандемијата. Констатирано е дека иако клубовите не работеа, здружението ги решаваше потребните барања на пензионерите; работеше на подобрување на условите за престој во клубовите и организираше учество во намалените активности кои СЗПМ ги спроведе. Извештајот беше едногласно прифатен.

Во Програмата за работа во 2021 г. активностите се дадени во 5 поглавја, во кои содржините се усогласени со Програмата на СЗПМ. Остварувањето ќе зависи многу од состојбата со пандемијата. Од дискусијата се заклучи дека пензионерите сакаат да се дружат и да бидат активни во животот, но мора да се придржуваат на мерките за заштита на здравјето. Со надеж дека пандемијата ќе помине, донесен е заклучок дека програмата едногласно се прифаќа и ќе се реализира на задоволство на пензионерите од здружението. **Василка Топаловска**

ЗП Бутел – Скопје

## Отчет за сработеното во 2020 година

ЗП Бутел со сигурност може да се пофали на постојаната комуникација со своите членови. Членовите на Здружението, од страна на раководството, континуирано се информирани за сите превентивни мерки за заштита од вирусот ковид 19.

Првата седница на Собранието на ЗП Бутел се одржа на 22.2.2021 година во просториите на Здружението. На неа се расправаше по Предлог–извештајот за работата на Собранието и неговите органи и тела за 2020 година. Седницата ја отвори претседателот на Здружението кој истовремено е и претседател на Извршниот одбор на ЗП Бутел Љупчо Димовски.

Со едноминутно молчење на починатите пензионери, жртви на пандемијата, но и жртви на други болести им беше оддадена почит.

На седницата освен членовите на Собранието чиј број поради пандемијата беше намален, присуствуваше и претседателот на ЗП Бутел Љупчо Димовски, претседателот на НО Наталија Василевска и книговодителот на ЗП Бутел Нина Игнатовска.

Програмата за 2021 година беше прифатена и усвоена од страна на Собранието, истата е со намалени активности, но сепак има оставено простор, доколку се стабилизира новонастанатата ситуација со пандемијата, истата да може да се промени и дополни. Прифатен и усвоен беше Финансискиот план за 2021 год.

Од страна на книговодителот Нина Игнатовска, презентирана беше Годишната сметка на здружението за 2020 година каде што меѓу другото, истакна дека здружението главно се финансира од членарината на своите членови како и од малите спонзорства на локалната самоуправа и работело според финансиските закони, а средствата ги трошело строго наменски, домаќински и рационално. Собранието ги усвои сите документи.

Според завршната сметка за 2020 година, останати се средства во износ од 373.335,00 денари, главно заради нереализирани активности поради пандемијата. Завршната сметка беше прифатена и едногласно усвоена од страна на Собранието на ЗП Бутел. **Љубица Петрушевска**

ЗП Кочани

## Примерно финансиско работење

Надзорниот одбор на ЗП Кочани, по уредниот и деталeн преглед на книговодствената документација на управата, изготви извештај за финансиското работење во текот на изминатата година со констатација дека истото е успешно и домаќински и целосно во согласност со законите. Таквата констатација за извештајниот период Надзорниот одбор ја презентира со неколку образложенија:

а. За сите остварени приходи и расходи постои уредна документација прокнижена во книговодството на здружението;

б. Остварените приходи и направените расходи се во согласност со финансискиот план и годишната Програма за работа во пандемиската состојба;

Планираните приходи се реализирани 99%, а расходите со 59%.

Според извештајот остварени се приходи во вкупен износ од 4.010.000 денари, а реализирани расходи во износ од 2.377.000 денари. Секако, расходите ќе беа многу поголеми доколку поради пандемиските услови не изостанеа вообичаените активности на општинско, регионално и државно ниво во областите на музичко–фолклорната, спортската и рекреативната дејност на здружението.

Остатокот меѓу остварениот приход и реализираниот расход изнесува 1.600.000 ден.

Извештајот на Надзорниот одбор, изготвен на 22 февруари 2021 година, содржи и детална листа за приходите и расходите по поединечни ставки и предлог за распоредување на остатокот 1.600.000 ден. од приходите: 1.000.000 да се внесе во резервен фонд, а 600.000 денари во приход за работа во тековната 2021 година.

Надзорниот одбор го сочинуваат пензионери економисти Владо Петров, претседател и членови Благој Ѓоргиев и Илија Митевски.

Овој извештај беше разгледан и едногласно усвоен на седница на Извршниот одбор на здружението на 26.2.2021 година. Со посебна одлука Извршниот одбор изврши распоредување на остатокот од приходите како во предлогот од Надзорниот одбор. **Ампо Арсовски**

ЗП Солидарност – Аеродром, Скопје

# Донесени значајни одлуки

На 26.2.2021 година се одржа 20–тата седница на Извршниот одбор на ЗП „Солидарност – Аеродром" – Скопје, на која беа разгледани и утврдени два значајни документи: извештајот за работата на органите и телата на Здружението, прегледот на планирани и остварени средства за период од 1.1. до 31.12. 2020 година, како и Годишната сметка за 2020 година. На седницата покрај членовите на ИО, присуствуваа претседателот на Собранието Тодор Тодоровски, претседателот на Надзорниот одбор Зоран Тевчев и сметководителката Добрица Робева. Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Здружението Димитрија Богатиноски.



За извештајот за работата на органите и телата на Здружението во 2020 година, воведно излагање поднесе секретарот Никола Маркоски, кој ја образложи содржината на извештајот, и меѓу другото истакна дека активностите во извештајната година беа спроведувани според Програмата за работа за 2020 година, но дека тие беа детерминирани, редуцирани и намалени поради последиците од пандемијата на коронавирусот. Во извештајот се прикажани хронолошки одржаните седници и донесените одлуки, прво во првата половина на 2020 година, а потоа и во втората половина на 2020 година.

По отворената дискусија извештајот беше ставен на гласање и едногласно се усвои со одлука да се поднесе на Собранието на Здружението на усвојување.

За Годишната сметка на планирани и остварени средства во период 1.1.2020 година до 31.12.2020 година воведно излагање поднесе претседателот на Здружението Димитрија Богатиновски. При тоа, беше нагласено дека во 2020 година Здружението финансиската година ја заврши со позитивна разлика од 2.395.199,00 денари, потоа дека со Финансискиот план за 2020 година беа предвидени приходи во износ од 4.418. 000 денари, а годината е завршена со остварен приход од 5.271.148 денари, односно за 853.148 денари повеќе од планираното, или со индекс од 119,31. Потоа од страна на претседателот на Надзорниот одбор беше поднесен извештајот на НО, во кој давајќи одредени објаснувања по одредени ставки во Годишната сметка за 2020 година, меѓу другото истакна дека Здружението во 2020 година работело позитивно, дека материјално–финансиското работење се води и остварува според прописите за финансиско работење. Поставени беа прашања по оваа точка од неколку членови на ИО и откако беа дадени соодветни одговори од страна на сметководителката во Здружението и претседателот Богатиноски, истата беше едногласно беше усвоена.

По точката разно на седницата беше поднесен извештај со предлог на претседателот на Комисијата за здравство и социјална помош Манојло Дамески да и се додели еднократна парична помош на Драга Лилиткин, членка на Здружението, во износ од 5.000 денари.

**Никола Маркоски**

ЗП Тетово

# Одржана првата седница на Собранието во 2021

На 3.3.2021 година, се одржа првата седница на Собранието на Здружението на пензионерите Тетово за оваа година.

Од вкупниот број членови на Собранието 47, на седницата присуствуваа само членовите на Собранието, кои истовремено не се членови и на Извршниот одбор, односно присуствуваа 29 членови.

На дневен ред на седницата беше донесување Одлука за усвојување на завршната сметка за материјално–финансиското работење на Здружението за 2020 година, со табеларен преглед на остварените приходи и расходи со индекс на остварување и образложение по табеларниот преглед;

Усвојување на извештајот на Надзорниот одбор за извршената контрола на материјално финансиското работење, и

Донесување Одлука за предлогот од Здружението на пензионери Битола, за збратимување со потпишување Меморандум–повелба за меѓусебна потесна соработка.

Истите материјали претходно беа утврдени на седница на Извршниот одбор и предложени на усвојување до Собранието.

На седницата на Собранието, можеше само да се слушнат пофални зборови за целокупното работење на Здружението во 2020 година, во услови на пандемија, со постигнување на одлични резултати од сите аспекти на организираниот пензионерски живот, исполнувањето на активностите кои не беа реализирани поради пандемијата, со нови содржини и инвестиционо одржување и преуредување на Домот на пензионерите и активности од областа на здравството и здравствената заштита на пензионерите во време на пандемија.

Ефектите од позитивното финансиско работење, предлог на членовите на Собранието беше да се искористат во 2021 година, со нови инвестиции и нови содржини.

Предлог–одлуката за збратимување со Здружението на пензионерите Битола беше едногласно прифатена и оценета како многу добар пример за продлабочување на меѓусебната соработка која ќе биде од обостран интерес за двете здруженија. **С. Димовски**

ЗП Куманово

# Собранието усвои важни документи

Собранието при ЗП Куманово одржа седница на која во прв план се најде Годишната сметка на Здружението и на солидарниот фонд за финансиското работење за 2020 година, како и прашања на членовите на Собранието поврзани главно со финансиското работење на здружението. На седницата претседаваше претседателот Назим Емини кој уште на почетокот пред присутните членови на Собранието, а со претходно поделен финансиски извештај за 2020 година, детално ги образлози сите финансиски трансакции односно финансиски трошоци на здружението со констатација дека во изминатата година се работело крајно одговорно и домаќински, што наиде на целосно одобрување од присутните членови.



На седницата пред членовите на Собранието со свое излагање се обрати и претседателот на здружението Благе Јакимовски, кој на присутните им предочи дека тие како членови на Собранието секогаш се должни и треба да ја следат финансиската состојба во Здружението, но и дека секогаш треба да укажуваат според нив, на евентуални незаконски финансиски злоупотреби од страна на раководството на здружението. Нивните дискусии и укажувања дека треба да бидат фокусирани и насочени кон актуелните случувања и реалните проблеми со коишто се соочуваат пензионерите од Куманово и околните општини за да може Здружението навремено да интервенира и да ги решава најтешките проблеми со коишто се среќаваат пензионерите. Во продолжението на своето излагање тој исто така, говореше и во врска со одлуката на Извршниот одбор според којашто уште 800 пензионери од ЗП Куманово чијашто пензија не е поголема од 11.000 денари, ќе добијат еднократна парична помош во висина од 1.000 денари најверојатно во месец април и напомена дека реализацијата на исплатата сепак ќе зависи од состојбата со коронавирусот во државата.

По исцрпните дискусии од страна на членовите на Собранието, а којашто дискусија поради коронавирусот и со претходно одобрување од страна на присутните членови на Собранието беше лимитирана во траење од пет минути, со гласање од страна на членовите едногласно беше прифатена и усвоена Годишната сметка на ЗП од Куманово за 2020 година, како и Годишната сметка на солидарниот фонд со извештаите на Надзорниот одбор.

На седницата исто така, беше назначен и нов член на Надзорниот одбор на Здружението, пензионерката Јадранка Дејанов, на местото на Станче Клековска која од лични причини си поднесе оставка. Седницата на Собранието се одржа според сите правила и протоколи пропишани од страна на Владата и Комисијата за заразни болести.

**Трајан Димитриевски**

ЗП Крива Паланка

# Усвоени битни документи

Во просториите на Клубот за дневен престој на пензионерите се одржа четвртата седница на Собранието. Неа ја раководеше претседателот на Собранието Веселин Стојановски. Тој го констатира присуството на делегатите и од 23 беа присутни 21, што значи дека Собранието може полноважно да одлучува. Потоа беше прочитан дневниот ред кој писмено со другите материјали им беше доставен на делегатите. По усвојување на записникот од претходната седница се премина со образложение од претседателот на здружението Трајче Давидовски за извештајот за работа на Извршниот одбор и на здружението како и финансискиот план за 2020 година. По исцрпната дискусија се констатира дека работата на здружението се движи во позитивна насока со сегашното раководство, а додека финансискиот план за 2020 година е реализиран 66% што значи активностите не се во целост поради пандемијата.



Завршната сметка за 2020 беше едногласно усвоена со позитивна разлика од околу 5.000 денари, која претходно беше разгледата на Надзорен и Извршен одбор.

Едногласно беше донесена и новата Програма за 2021 година на здружението како и финансискиот план за 2021 година. Во Програмата за работа се зацртани два битни проекта: Изработка на социјална карта и компјутерско обучување на заинтересираните пензионери.

Беа донесени одлуки за учество на регионални, меѓуопштински и републички спортски игри, како и на ревии на песна, музика и игра поддржани од СЗПМ.

Одлука за одбележување на 8 Март, Денот на жената и Нова година.



Поради испразнето место во Надзорниот одбор се изгласа нов член, Бранко Ивановски.

На седницата и претходеше седмата седница на Извршниот одбор. Пред да бидат разгледани овие битни документи на Собранието претходно беа проследени и од другите органи и тела на здружението. **Б. Стојчевска**

ЗП Прилеп

# Пандемијата ни ги попречи помасовните активности



Во текот на месец февруари 2021 година во ЗП Прилеп се одржаа три средби – состаноци. Најпрво, со претседателите на ограноците, каде се расправаше по извештајот за работата на ИО и на Собранието, како и за Програмата за работа во 2921 година на телата и органите. Потоа овие материјали одеа на ИО и пред делегатите на Собранието. На овие три средби беше констатирано дека во 2020 година, и покрај тоа што се работеше во поинакви услови, заради ковид вирусот и активностите беа намалени, сепак се организираа најнеопходните за пензионерите, а некои, воопшто и не беа организирани. Треба да се спомене, дека сите 14 клубови, колку што ги има ЗП Прилеп, не беа отворени и не работеа, а пензионерите немаа можност да се дружат, но на органите и раководството најважно им беше што повеќе пензионери да ја пребродат здравствената криза, за да можат откако ќе бидат вакцинирани и откако ќе престанат да важат мерките да можат да бидат поактивни. Се разбира на сите здравјето ни е на прво место.

Седницата на Собранието ја раководеше неодамна избраниот претседател Ангеле Кироски, а во работата свој придонес даде и претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски. Потоа извештајот за работата на телата и органите беше прифатен.

Инаку, во 2020 година, ИО на ЗП Прилеп одржа 8 редовни седници и две вонредни на кои членовите се изјаснија преку телефон. Се одржаа и 3 посебни работни состаноци со претседателите на сите 19 ограноци. На претседателите им беа доделени благодарници за нивната ангажираност и покажаните резултати во работењето за време на пандемијата, а по повод 20 септември – Денот на пензионерското организирање. Минатата година беа донесени одлуки за набавка на клима–апарати за клубовите. За Велигден, Нова Година и Божиќ беа додекени над 800 ваучери на членовите на ЗП со ниски пензиски примања од по 1.000 денари за набавка на прехранбени производи и средства за лична хигиена.

Би требало да се спомене и активноста за отворање клуб во огранокот „Сточен пазар", а и купувањето од сопствени средства просторија за клуб во огранокот „Точила". Поведена беше и иницијатива за адаптирање на заеднички простор со локалната самоуправа за Клубот на пензионерите и урбаната заедница во „Вишне". Посебно што е важно за пензионерите членови на ова здружение е донесувањето на Правилникот за учество во трошоците за бањско и климатско лекување на членовите на ЗП Прилеп.

– Мислам дека ЗП Прилеп е едно од ретките здруженија членки на СЗПМ кое има добра, би рекол одлична соработка со Сојузот на ниво на држава, а ние и во време на пандемија се ангажиравме да ги подготвиме и оспособиме просториите на клубовите за нашите членови, – рече претседателот на ЗП Прилеп, Славко Трајкоски.

На почетокот на седницата со едноминутно молчење делегатите им оддадоа почит на починатите, на претседателката на Собранието Роза Василеска и на членот на ИО Љубен Мирчески, а по предлог на Кандидационата комисија на негово место во огранокот „Тризла" беше избран за член на ИО претседателот на огранокот Ицко Најдоски. Од огранокот „Вишне" за делегати беа избрани Ангеле Савески и Кирил Цанески. На седницата беа донесени и други одлуки од интерес на членовите на ЗП Прилеп. **К. Ристески**

ЗП Ѓорче Петров

# Одржана отчетно-изборна седница на Собранието

На 3.3.2021 година во Центарот за култура во Ѓорче Петров, Здружението на пензионери ја одржа шестата седница. Пред започнувањето, а и за време на одржувањето беа преземени и почитувани сите мерки и активности согласно со препораките и протоколите за ковид 19. На седницата се анализираше работењето на здружението во текот на 2020 година. Воведно излагање за Финансискиот извештај за остварени приходи и релизирани расходи во период од 01.01 до 31.12. 2020 година дадо Цветко Михајловски член на екомомско–правениот форум во СЗПМ делегиран од ЗП Ѓорче Петров. Претседателот на Надзорниот одбор на здружението Јаким Блажевски, го образложи Годишниот извештај на извршениот надзор и контрола. По обемната расправа двата извештаи како и Годишната сметка за 2020 година беа едногласно усвоени од страна на присутните делегати на Собранието, со напомена дека домаќинското трошење на средствата по создавање поповолни здравствени услови да се анализира уште еднаш од страна на Надзорниот одбор.



Делегатите на Собранието на Здружението на пензионерите Ѓорче Петров за претседател на здружението и на Извршниот одбор, по предлог на Кандидационата комисија едногласно го избраа како единствен кандидат повеќегодишниот активист и член на Извршниот одбор Митко Стојановски.

Заблагодарувајќи им се на делегатите на Собранието за укажаната доверба, новоизбраниот претседател накусо ја презентираше неговата програма за работа на здружението во наредниот период. **Љубинко Ристов**


НЛБ Сребрен пакет
Вашата пензија
секогаш навреме
НЛБ Сребрен пакет
• Visa Electron дебитна картичка
• ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
• Зегин - НЛБ Банка картичка
• Кредитни картички
• Трајни налози
• Сребрен кредит за пензионери
• Депозити за пензионери
Поволности
• Пензија на првиот работен ден во месецот
• Плаќање на рати без камата во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
• 3% Cash back во Веро маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
• Осигурителни поволности за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје
NLB Banka
ПОН ВТО СРЕ ЧЕТ ПЕТ САБ НЕД
1 2 3 4
5 6 7 8 9 10 11
12 13 14 15 16 17 18
19 20 21 22 23 24 25
26 27 28 29 30 31
NLB Banka
www.nlb.mk
Контакт центар: 02 / 15-600


ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ
osteotend®
ПРОИЗВОД НАМЕНЕТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НОРМАЛНА ФУНКЦИЈА НА ЗГЛОБОВИТЕ И 'РСКАВИЦИТЕ.
НА БАЗА НА
БРОМЕЛИН, ПАПАИН, РУТИН, МЕТИЛСУЛФОНИЛМЕТАН, ВИТАМИН Ц, Л ОРНИТИН АЛФА КЕТОГЛУТАРАТ И ЃАВОЛСКА КАНЦА.
не содржи глутен
не содржи глукоза
не содржи лактоза
osteotend
30 bustine | 5,6 g
30 ќесички | 5.6 g
ЗЕГИН ДОО Скопје
Пред употреба внимателно да се прочита упатството! За индикациите, ризикот од употребата и несаканите дејства на граничниот производ консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт"
НОВО
PROVEN®
PROBIOTICS
Cardiobiotic
КЛИНИЧКИ ЕДИНСТВЕНИ ТЕСТИРАНИ
PRO-VEN®
PROBIOTICS
Cardiobiotic
FRIENDLY LACTOBACILLUS BACTERIA WITH OLIVE LEAF EXTRACT PLUS VITAMIN B1 TO SUPPORT NORMAL HEART FUNCTION
30 Capsules
FOOD SUPPLEMENT
Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
Витамин Б1 значаен за одржувањето на ормалната функција на срцето
една 30 КАПСУЛИ на ден

ЗП Струмица

# Активности за пример



● **Почитувана претседателке, кажете ни најнапред како се одвиваа активностите во време на пандемијата од коронавирусот во ЗП Срумица.**

– ЗП Струмица во 2020 година, своите активности ги насочи за остварување на програмските цели утврдени со Програмата за работа во 2020 година, приспособени во услови на пандемијата предизвикана од ковид 19. Заради тоа, одредени активности се извршија во намален обем приспособени на протоколите пропишани од надлежните државни органи, а оние кои не можеа да се извршат беа заменети со други.

Уште во почетокот на пандемијата планираната еднократна парична помош изнесуваше од 3.000 до 6.000 денари за пензионери со ниски пензии и пензионери со тешки болести. Покрај тоа се вклучивме во соработка со локалната самоуправа и Црвениот крст од Струмица, и во два наврата на по 150 наши членови со ниски пензии им обезбедивме прехранбени артикли и средства за хигиена. Секој пакет вредеше по 2.500 денари.

Клубовите за дневен престој кои ги има 18 на број, беа варосувани, некои реновирани, а и ги обезбедивме со средства за хигиена и дезинфекција, според насоките што ги добивме од СЗПМ.

Поради пандемијата не можеа да се реализираат активностите околу спортските игри и музичките ревии на ниво како што беа програмирани, па тие финансиски средства ги пренамениивме за оградување на отворената тераса во склоп на пензионерскиот дом и за придружен објект на ресторанот за заштита од прашина и други негативни појави, бидејќи се наоѓа на улица Ленинова по која дневно поминуваат повеќе видови превозни средства. За ова инвестиравме 382.560 денари, за што претходно имаше донесена одлука од органите на здружението.

● **Како стојат работите во вашиот град со институционалното сместување на пензионерите?**

– ЗП Струмица уште на 27.1.2011 година поднесе барање до Министерството за финансии – Подрачна единица Струмица за имотноправни работи, за регулирање на имотниот статус на објектите и земјиштето, но и по 9 години иако е доставена целосна документација што ги бараа, добивме негативно решение. Здружението поведе постапка преку адвокат и го реши овој проблем за неполни два месеца во 2020 година. Сега Здружението е сопственик со имотен лист на сите градежни објекти на улица Ленинова 95 и 97, кои имаат над 1 000 метри квадратни површина. На последната седница на ИО, членовите едногласно ме ополномоштија мене, како претседателка на ист начин да го легализирам и земјиштето што припаѓа на таа парцела. Здружението за приватизација на објектите плати 276.000 денари и административни такси од 7.400 денари. Во 2020 година уште на првата седница по предлог на Извршниот одбор, собранието донесе Одлука за реновирање и на зградата од 10 станови за домување на пензионери со мали пензии. Реновирањето на зградата содржи: Обновување на покривот, обновување на фасадата, ПВЦ–врати и прозорци од надвор и од внатре, нова електрична инсталација, нова водоводна и канализациска мрежа, нови санитарии, плочки во кујна и санитарен јазол, поден ламинат, абрихт на ѕидовите и друго. Зградата е правена 1970–1971 година, досега никој нема ништо инвестирано. Собранието на ЗП Струмица ме овласти мене како претседателка со полна доверба да ја реализира таа голема капитална инвестиција. По добивањето на имотниот лист и сопственоста веднаш почнавме со подготовка за реализацијата на инвестицијата. Финансиските средства се обезбедени од заштеди од претходните години. Инвестицијата време ди околу 7.000.000 денари. Реновирањето е во тек. **К.С.А.**

ЗП Кавадарци

# Изградба на објект со посебна намена

Со стапување на должност на новото раководство на Здружението на пензионерите Кавадарци веднаш се отпочна со подготвителниот дел за реализирање на дел од програмата на раководството за изградба на пензионерски дом.

Идејата е да се изгради пензионерски дом со летна бавча, градина, ресторан за исхрана со сала, сала за разонода и рекреација (шах, домино, карти, табла, пикадо и други игри кои можат да се организираат во затворен простор), сала за состаноци, просторија за хор, игроорна и други активности.

Ова е со цел да се помогне на пензионери, кои на еден или на друг начин се потиснати од сопствените фамилии, односно од децата и имаат минимална пензија, разочарани од вакviот живот, затворени во сопствен лавиринт од кој не можат да излезат, не можат да си го организираат сопствениот живот, бидејќи се осамени и без одредена цел. Со цел, вакviот монотон живот да се разбие, потребен е објект во кој се планирани многу активности за разонода, како и ресторан со кујна за приготвување храна со пристапни цени за секој пензионер. Во објектот ќе има ангажирано медицинска сестра и лекар, пензионери, на кои ќе им биде обезбедена посебна просторија за работа.

Исто така, сметам дека во овој дом на пензионери ќе им се обезбеди мирен и спокоен живот. Оваа идеја и иницијатива, е составен дел од програмата на новото раководство на ЗП Кавадарци.

За да се постигне сето ова направивме контакти и доставивме барања до локалната самоуправа, направивме разговори и средби со градоначалникот, како и барање до Владата на РСМ и надлежните министерства. Бараме овој објект да биде сопственост на Здружението со посебна одлука од страна на Владата дека објектот е за посебна намена и исклучително за пензионери и за него може да одлучува само Здружението, а објектот да биде без право на индивидуална сопственост и право на отуѓување. Сметаме дека Владата ќе донесе позитивна одлука за преотстапување на градежната земјишна парцела за изградба на пензионерски дом и ќе помогне во изградбата на еден ваков објект, кој нема да биде капитален, туку објект за посебна намена исклучително за пензионери. За да се изгради ваков објект потребно е и градоначалникот исто така, да ја поддржи оваа идеја и да ја одобри градежната парцела.

**Димче Коцевски, претседател на ЗП Кавадарци**

Разговор со Дејан Стојановски, директор на старскиот дом „Зафир Сајто“ од Куманово

# Хумана и професионална поддршка на корисниците



**Заради успешното менаџирање на Старскиот дом „Зафир Сајто“ Вие сте позитивен пример во нашата држава. Како успевате во тоа?**

– Најнапред, Ви благодарам за пофалните зборови упатени за нашето работење. Скоро 3 години сум на раководната функција во институцијата и можам да кажам дека од самиот почеток па се до денешен ден за мене беше исклучителна важно целосно да се вложам себеси во унапредување на условите во домот. На почетокот, неопходно беше менување на климата и пристапот на персоналот кон работните обврски и фокусирањето на хуманоста и сеопфатната професионална поддршка на корисниците. Потребно е многу енергија, трпеливост и себевложување за зацртаните цели и визии да станат реалност. Горд сум за сѐ што постигнавме со колегите за овој период, а тоа секако е придонес за јавниот, локалниот и регионалниот интерес. Куманово уште пред 40 години со изградбата на ваква модерна и капацитетна институција има остварено голема визија за градот!

**Што има ново во Старскиот дом Зафир Сајто?**

– Постојано се трудиме да има нешто ново. Секоја година имаме по некоја реконструкција или набавка на опрема за подобро функционирање. Најново во домот се завршните подготовки за нова поголема и целосно опремена сала за физиотерапија како и нови амбулантни простории. Занималните ги обновивме со нови модерни гарнитури за седење и друго.



**За сите успеси имате ли помош и соработка од МТСП и од општината? Соработувате ли и други институции и здруженија?**

– Да, имаме помош и соработка од МТСП и се надеваме дека нашите иницијативи и врските ќе јакнат во насока на реализирање на повеќе заеднички проекти во иднина. Поддршката за нови форми за работа освен институционалната форма на сместување ќе бидат во нашиот фокус. МТСП учествува со годишни финансиски блок–дотации во домот, кој се самофинансира со наплата на престој од корисниците. Нашата соработка со Општина Куманово, со градоначалникот Максим Димитриевски и секторот за социјална заштита во Општината, се на професионално и задоволително ниво. Очекуваме во иднина нивото на соработка и пред сѐ реализација на заеднички проекти да се зголеми. Исто така, имаме контакти и соработка со јавните старски домови од Битола и Прилеп, а соработуваме и со приватните домови од државата. Оствариме посети во домовите за стари лица во Нови Сад и Сурдулица. Често соработуваме е со ЗП Куманово од кое неодамна добивме донација.

**Која е тајната што престојот во „Зафир Сајто“ е релативно евтин и е пристапен за пензионерите со пониски пензии?**

– Месечниот надомест за престој во домот е во износ од 11.800,00 денари којшто е меѓу пониските во државата. Овие средства се доминантни за финансирање на институцијата, а останатото се редовните блок–дотации од МТСП. Години наназад овој износ за престој не е променет од причина што бројката на корисници секогаш била голема, а трошоците во домот рационално се менаџираат. Иако има многу показатели дека цената во домот има потреба да биде благо зголемена особено кога се работи за различен вид услуги и категорија на корисници кои се примаат, сепак и заради ковид кризата, сѐ уште сметаме дека можеме да продолжиме уште некое време, се надеваме на малку повисоки блок–дотации и од МТСП.

**Што преземате за подобар живот на станарите?**

– Освен редовната програма за работа во којашто се предвидени сите стандардни и месечни активности коишто го организираат и планираат престојот на корисниците се трудиме секојдневно да осмислуваме и да го планираме времето за престој во домот. Воведовме нов профил – работен терапевт чијашто задача е да работи директно со корисниците на когнитивен и практичен план. Да комуницира секојдневно со корисниците и заедно со социјалните работници и другиот помошен технички персонал да се надополнуваат и целосно да бидат во функција на корисниците во домот. Акцент ставаме и на подобрување и усовршување на пристапот на негователскиот, медицинскиот и помошниот технички персонал спрема корисниците. Во однос на подобрување на условите за престој во институцијата беа направени повеќе реконструкции со коишто директно се подобрија и се подобруваат условите за престој.

**Како се справувате со пандемијата?**

– Од самиот почеток на пандемијата ковид 19, во март 2020 година, ги презедовме сите неопходни мерки за заштита и превенција. Ја имавме и ја имаме сета неопходна заштитна опрема за персоналот и за корисниците, а одвоивме и посебен дел во домот за изолација на сите суспектни случаи. И во двата брана, и покрај максимално преземените превентивни мерки, имавме појава на позитивни случаи коишто со добра организација успеавме да ги надминеме. Целокупниот персонал е добро организиран и координиран за ефикасна реакција. По една година од почетокот на пандемијата наша определба е да изнајдеме креативни, безбедни начини за остварување посети на семејствата и корисниците. Имаме одобрение и протокол за работа и прием на нови корисници и се надеваме дека и споменатите посети освен стандардните начини на комуникација преку видеоврска и социјалните мрежи, ќе придонесат за надминување на многу постоечки психолошки бариери кои ги донесе пандемијата. **К.С. Андонова**

СЗИПМ

# Огревно дрво на рати

Години на ред преку Здруженијата на инвалидските пензионери се врши обезбедување на членството со огревно дрво. Според зборовите на претседателот на СЗИПМ, Томе Мазгалоски, и оваа година Здруженијата од Прилеп, Штип, Кавадарци, Куманово, Велес се ангажирани на рати да им обезбедат огревни дрва за наредната зима.

Само преку ЗИП Прилеп од шумите над Крушево ќе бидат обезбедени преку 1300 и метри кубни дабово и буково дрво, а до сега запишани над 600 метри кубни дрва. И, преку кавадаречкото здружение на инвалидски пензионери ќе бидат обезбедени околу 1000 метри кубни дрва,а Здружението од Штип претежно врши обезбедување на буково огревно дрво.Нешто помал е бројот на заинтересирани инвалидски пензионери за огревно дрво во другите здруженија од овој Сојуз, бидејќи некои набавуваат и преку старосните здруженија, како на пример во Битола. Цената на метар кубен огревните дрва е прифатлива и оваа година. **К.Р.**

ЗП Пробиштип

# „Пензионер плус“ стигнува до читателите

Пандемијата на ковид 19 ги стопира активностите во многу здруженија на пензионери, па и кај нас во Пробиштип. Клубот на пензионерите кој работеше по 15 часа, каде што пензионерите си наоѓаа свое катче за забава и дружење, скоро една година не работи. Во клубот највеќе се читаше и весникот „Пензионер плус“ со што пензионерите се информираа за сите активности во другите здруженија, па честопати се јавуваше желба за натпревар каде да се организираат поголеми и повеќе активности. Но и во време на пандемијата ковид 19 пензионерскиот весник, кој е најчитано четиво меѓу пензионерите не остана затворен во фиоките или канцелариите. Се изнаоѓаат разни начини и патишта како да дојде весникот до своите читатели. Така, во Пробиштип, кога јас ќе отидам да си земам весник секогаш ми даваат по 7–8 броеви повеќе кои ги давам на пензионери од мојот регион. Истото го прават и претседателот и секретарот на Здружението. Според претседателот Манасиев, најчест начин за разнесување на весникот се самите пензионери. Сите што ќе дојдат да платат за дрва или по други потреби им се дава еден весник за нив и по два броја повеќе да ги дадат на свои пријатели – пензионери. Така, весникот не останува затворен во Здружението, туку секој месец стигнува до читателите за што тие се крајно благодарни. **М. Здравковска**

## IN MEMORIAM



**На 14 март 2021 година почина Павле Спасов претседател на едно од најстарите и на активните скопски здруженија на пензионери ЗП Центар. Павле Спасов е долгогодишен активист и раководител кој успешно раководеше со ЗП Центар членка на СЗПМ и со својата активност придонесуваше за подобар живот на пензионерите. ЗП Центар под негово раководство соработуваше со Општината Центар, СЗП на Град Скопје и повеќе здруженија во земјата на спортски и културен план.**

**Неодамна почина и Ристо Камчев, потпретседател на Собранието и долгогодишен активист во ЗП Центар.** **СЗПМ**


**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:** СЗПМ

Година XIV – број 152
март 2021 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Коку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**

**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;

**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ Бул. „Кочо Рацин“
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија“

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

ЗП Крива Паланка

# Започна имплементацијата на проектот „Одговорни институции - среќни граѓани“

– Тим од дваесет негуватели ќе се обучат и ќе даваат помош на стари, осамени и изнемоштени лица во Крива Паланка во рамките на проектот „Одговорни институции – среќни граѓани“,



кој ОО на Црвениот крст и Општина Крива Паланка ќе го имплементираат со финансиска помош на МТСП на РСМ. Проектот е насочен кон нега и помош на стари, осамени и изнемоштени лица во домашни услови, обезбедување на простор за негователите и набавка на специјално возило за реализација на активностите на негователите.

Општината во соработка со ОО на Црвен Крст на Крива Паланка аплицираше со предлог–проект до МТСП и обезбедија грант во висина од 11.034. 000 денари. Проектот предвивува нега и помош на лица – пензионери кои не можат да се грижат сами за себе.

Проектот вклучува стручно обучување на дваесет лиценцирани негуватели кои ќе пружат помош во домашни услови на стари, осамени и изнемоштени лица, определување (изнаоѓање) простор за обука на негувателите и набавка на специјализирано возило за реализирање на активностите од проектот, – изјави градоначалникот Борјанчо Мицевски.

– Проектот се реализира по согледаната фактичка состојба на терен. Со масовното иселување на младите од Крива Паланка, зад себе ги оставаат родителите кои не можат сами да се грижат за нивната здравствена состојба како и за другите основни потреби за својот живот. Поради сериозноста на проблемот Општина Крива Паланка, ОО на Црвен Крст на Крива Паланка и Советот за социјална заштита при Општината, кој е составен од повеќе релевантни стручњаци од областа, изготвија соодветен проект утврдувајќи ги проблемите како и потребата за помош на оваа ранлива група граѓани – се дополни градоначалникот. При тоа истакна дека со ова ќе се придонесе за подобрување на состојбата на старите, осамени и изнемоштени лица.

– Со години наназад Општина Крива Паланка во соработка со ОО на Црвениот крст имаат реализирано вакви проекти и секогаш наидуваа на задоволство кај корисниците, а истите и дадоа позитивни ефекти, – како за крај рече градоначалникот.

**Б. Стојчевска**

ЗП Охрид и Дебрца

# Плакета за градоначалникот Зоран Ногачески



На 3.3.2021 г. остварена е посета и средба со градоначалникот Општина Дебрца Зоран Ногачески од делегација на ЗП Охрид и Дебрца предводена од Ѓорѓи Трпчески, претседател на здружението. На средбата градоначалникот беше запознаен со работата на здружението во услови на пандемијата ковид 19. Градоначалникот на Општина Дебрца и на Кризниот штаб ги поддржа сите досега преземени активности со заложба во иднина заедно и координирано да продолжат со преземање на сите потребни активности во давање помош заради ковид 19. Согласно со донесената одлука од ИО, претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески на градоначалникот му врачи плакета за Општината Дебрца за долгогодишна успешна соработка, за што тој изрази голема благодарност.

**Д. Стојкоски-Лепи**

ЗП Вевчани

# Клубот со нова термоенергетска фасада

– Заврши реконструкцијата на Клубот на пензионерите на ЗП Вевчани, така што Клубот доби модерна термоенергетска фасада со урбан лик што доликува на една модерна населба – вели претседателот на Здружението на пензионери Витомир Костојчиноски, – додека во внатрешниот дел на Клубот беа сменети водоводните цевки и електричните инсталации, беше монтирана кабловска и интернет–опрема, како и клима–уреди.

Клубот кој е сместен во Општинската зграда на Вевчани доби донации од УНДП, од Швајцарската амбасада во Македонија, за опремување на просториите и за градежно–занаетчиските работи. Тие се изведоа во периодот кога клубот не работеше, а тоа е за време на епидемијата на коронавирусот, каде што целосно беа почитувани сите здравствени протоколи пропишани од Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести.

Вевчанските пензионери во наредниот период во клубот, во кој волонтерски работат наизменично сите пензионери, ќе имаат можност да следат кабловска ТВ–програма на нов ТВ–приемник кој е донација, да користат интернет, да читаат весници и да ги играат сите салонски игри, информирајќи се за актуелните случувања, за што им се посебно благодарни на донаторите.

Ова е убав пример на соработка со Швајцарската амбасада во Македонија, кој би требало да го следат и другите здруженија и клубови. **С. Кукунешоски**

ЗП Велес

# Велешките пензионери секогаш хумани

Цела година замреа активностите во здруженијата на пензионери. Ги нема ревиите на песни, натпреварите во спортот, дружењата меѓу здруженијата, прошетките и екскурзиите. Остана само да се помага, да се сочувствува.

Здружението на пензионери реши да продолжи со активностите, но на друг начин. Имено, Собранието и Извршниот одбор донесоа одлука за реновирање и санирање на Домот на пензионери. Домот е изграден од пред шеесетина години и секако дека има многу работи кои веќе се дотраени. Се донесе одлука целата зграда на Домот да се обложи со термоизолационен стиропор, прозорците и вратите да се заменат со ПВЦ врати и прозорци, да се заменат одводните и доводните цевки со нови пластични (хигиенски).

Беа прифатени најевтините и најдобрите понудувачи и градбата започна. А работа колку сакаш. Се реновираа 24 стана, големата и малата сала, 4 канцеларии и уште други ситни работи. Запрашан за тековните активности претседателот на Здружението Алексоски, ни рече:

„Во овој момент како и целото општество така и ние како невладина организација доживуваме непријатни моменти од појавата на ковид 19 чиишто здравствени последици се чувствуваат кај целата популација на глобално ниво, а посебно кај лицата од трета доба, односно кај пензионерите. Овој несреќен момент го искористивме за нешто кое, сепак, ќе им го подобри животот на пензионерите. Всушност, им обезбедивме на станарите попријатен престој со заштеда од 30 до 40% топлотна енергија кое е постигнато со термоизолацијата и ПВЦ вратите и прозорците. А за пензионерите коишто го посетуваа и ќе го посетуваат Домот секојдневно им обезбедивме реновирани сали за дневна забава и подготовка на активностите на сите секции: спортска, пејачка, литературна итн., доста беа забелешките дека градиме само во руралните населби чиишто ограноци се граѓаните на Здружението, овие месеци се свртивме со активностите кон „стеблото“ на Здружението кое ќе биде „Убавец“ на градот.

Во ЗП Велес во редовите на Собранието беше Цветко Димитриевски од населбата Превалец. Тој една недела пред да почине се јави во Здружението и рече:

– Јас се наоѓам во болницата во нашиот град. Сега–засега сум добар и се надевам дека наскоро ќе се видиме. Се јавувам да ве поздравам и да предложам нешто. Имено, гледам дека на болницава и се потребни држачи за инфузија. Па би предложил, нормално ако се може, Комисијата за стратегија да донесе одлука да им се помогне на болните.

Комисијата се согласи и за една недела држачите беа направени и подарени на болницата. Велешките пензионери повторно ја покажаа својата хуманост.

**Н. А.**

ЗП Илинден

# Активности со строго почитувани мерки

Во ЗП Илинден за време на пандемијата предизвикана од вирусот ковид 19, активностите ги реализираат во рамките на можностите и потребите, но во намален обем. Здружението во такви сложени услови го приспособи своето работно време, со тоа што претседателот и секретарот секогаш беа достапни за пензионерите, дали непосредно или телефонски. Секако непосредните контакти беа многу поретки, од вообичаено. Пензионерските клубови бидејќи немаат тераси или отворен простор, беа затворени, немаше проби во делот на културата, а се откажаа и спортските активности.

И покрај сè, во едни вакви услови, раководството на здружението настојуваше и настојува и се труди да ги одржува редовните средби со разграноците и пензионерите, пред сè, околу донесувањето на правните законски акти. Се почитуваа во целост и ги применуваа упатствата и препораките на СЗПМ, за поинтензивно извршување на социјално–хуманитарни активности. Имено, во ЗП Илинден се доделува еднократна неповратна парична помош заради нарушена здравствена состојба, согласно со критериумите од Правилникот за доделување на ваква помош, додека во тек е подготовката на правилник за доделување еднократна помош на пензионери со ниски примања. Кон крајот на 2020 година и на почетокот на оваа година, одржани се две седници на Собранието и три седници на Извршниот одбор, при што, се донесени и усвоени Финансискиот план и Програмата за работа за 2021 година и Извештајот за работата на здружението за 2020 година, а усвоена е и годишната сметка за 2020 година. ЗП Илинден, постепено, своите активности ги доведува во нормала, но строго се почитуваат мерките за претпазливост од пандемијата предизвикана од вирусот ковид 19.

**В. Пачемски**

ЗИТ КИП Тетово

# Пандемијата ги редуцира активностите

Популарните туристички екскурзии и излети со посети на историски и културни знаменитости пред сè во нашата земја, спортските натпревари на инвалидските пензионери, семинар со претседатели на месни организации, свечена седница по повод неделата на инвалидските пензионери – се само дел од програмираните активности на Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија – Тетово, кои поради пандемијата на коронавирусот не можат да се одржат. За сметка на тоа, преземени се и остварени други активности со строго почитување на протоколите за заштита од пандемијата. Тоа подразбира зголемена соработка со телекомуникациските организации, железницата, автотранспортните претпријатија, сервисите за регистрација на моторни возила, електростопанството, комуналиите и други, кои доделуваат бенефиции за инвалидските пензионери согласно со прописите. Здружението посебно обрнува внимание и посредува преку овластени снабдувачи со дрва и други огревни материјали по повластени цени.

Во текот на минатата година ова здружение на 100–тина свои членови доделило еднократна парична помош, а во соработка со хуманитарни организации и други видови помош во храна, средства за лична хигиена и други потреби на семејствата во кои имаат членови на здружението. Исто така, Собранието на здружението усвои предлог за поведување иницијатива за изградба на дом за сместување пензионери и стари лица.

Ова се дел од содржините во извештајот, а по кои се расправаше на отчетната седница на Собранието на ЗИТ КИП Тетово што се одржа на 18 февруари 2021 година. Делегатите уште еднаш го поставија прашањето за донесување Закон за пензиско организирање. Со постојните прописи на Законот за здруженија и фондации овозможено е здружение да формираат и пет членови, што создава расцепканост на средствата и кадрите. Од тие причини во Тетово функционира и паралелно здружение на ЗИТ КИП „Трудбеник“ со околу 400 членови, главно инвалидски пензионери, додека Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија во Тетово го сочинуваат околу 2 000 членови.

Извештајот за работа на здружението во минатата година и програмата за наредната активност, како и други акти од надлежност на Собранието, беа едногласно усвоени. **Г. Ефтоски**

ЗП Дојран

# Усвоена Завршната сметка за 2020

Извршниот одбор ЗП Дојран на 8.2.2021 година одржа седница на која го разгледа Финансискиот извештај за работата на здружението за 2020 година, како и Програмата за работа на Здружението во периодот 2020/2023 година. Собранието на ЗП Дојран, во полн состав со почитување на мерките за заштита од ковид 19, на 18.2. 2021 година, одржа седница која ја водеше новоизбраниот претседавач Ѓорги Механџиски, на која беа разгледани и усвоени истите документи и донесе одлука за доделување прехранбрени пакети на членовите со минимални пензии.



Пензионерите од ЗП Дојран соработуваат и со невладиниот сектор. Така на 10 и 17.2.2021 година во хотелот „Романтик“ во Стар Дојран се одржаа едукативни сесии на тема „Корупција и судир на интереси“ во рамките на проектот „Зајакнати системи на интегритет за борба против корупција на локално ниво во Општина Дојран“. Донатор на проектот е ФООМ, а проектот е дел од „Проектот за граѓанско учество“, спроведуван од East West Management InstituteEWMI и финансиран од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД).

Членовите на ЗП Дојран зедоа активно учество и со своите забелешки и коментари потврдија дека и понатаму се активни и даваат свој придонес во повеќе сфери во општеството.

**Горанче Петковски**

# Мали пензионерски „работилници“ во Скопје

Малите пензионерски работилници се афирмираа последните години како перманентна форма на самоорганизирање. Нивната активност продолжува и во услови на пандемија во кафулиња во центарот на Скопје, но мал број на учесници. секој работен ден во кафулиња во центарот на Скопје. Средбите се одржуваат час пред пладне до најмалку час по пладне. Учесниците се со разни струки и од скоро сите општини во градот. Добар дел од нив имаат дел од пензиите од странство каде работеле дел од работната кариера. Тоа зборува дека ги поминале сите „Сцили и Харибди“ на животот и сега со дружење и движење, како основа на здравото стареење,ја одржуваат својата добра кондиција. Редовно се следи весникот на СЗПМ „Пензионер



плус“. Во ведра атмосфера и почитување на мерките во време на пандемија се разменуваат мислења и предлози за разни проблеми врзани за секојдневието на лицата од третата доба.

**Г. Хаџи-Васков**

# 8. Март одбележан пригодно, достоинствено и според околностите

И оваа година 8. Март – Меѓународниот ден на жената не остана не одбележан. Пензионерките речиси во сите здруженија, членки на Сојузот, во рамките на активите го одбележаа овој ден интересно, инвентивно и достоинствено.

Градоначалникот на Општина Прилеп Илија Јованоски, во својата честитка по повод Меѓународниот ден на жената, порача:

„Токму вирусот ковид 19 покажа дека не постојат разлики и дека сите сме подеднакво важни во битката со пандемијата. Илјадници жени лекари, медицински сестри, болничарки, подеднакво се вклучени на првата борбена линија со најголемото зло на денешницата. Затоа, да продолжиме да ги уриваме стереотипите, да продолжиме да градиме општество на еднакви шанси и можности и со правилни родови политики да обезбедиме подобро утре за сите“, стои во честитката на градоначалникот на Прилеп Илија Јованоски по повод 8. Март. Убаво кажано, зар не?

Годинава, според специфичните услови што ги наметна пандемијата на вирусот ковид 19, Меѓународниот ден на жената во ЗП Пробиштип беше одбележан скромно.

Претседателот на ЗП Груица Манасиев и претседателката на Активот на пензионерките при здружението Јовка Петрова, организираа прием на жени активистки, кои дале свој придонес во севкупните активности на Здружението. На почетокот присутните ги поздрави претседателот Манасиев, кој им посака добро здравје и им се заблагодари за сѐ што сториле и дале од себе здружението да ги постигне успесите коишто ги оствариле.

Потоа претседателката Петрова, направи куса ретроспектива на развојот на женската организација и придонесот на жената во севкупниот развој на општеството. Таа ја искористи средбата, пред присутните, да ја презентира Програмата на активот на пензионерки за 2021 година, нагласувајќи дека и денешната средба е дел од таа програма. Од жените кои беа присутни се слушнаа многу предлози за други креативни активности, а беа прочитани и стихови на поетеси од здружението за жената. За крај, претседателот на ЗП Груица Манасиев во име на здружението, а во знак на внимание на присутните им додели по еден каранфил.

















По повод 8. Март – Меѓународниот ден на жената, делегации од локалната самоуправа, од Општинскиот одбор на Сојузот на борци од Прилеп и претставници од Здружението на пензионерите, положија свежо цвеќе пред споменикот „Жена борец“ во Паркот на Револуцијата.

На 4.3.2021 на седница на Извршниот одбор на ЗП Делчево, се донесе одлука средствата предвидени за осмомартовска прослава да бидат пренаменети за доделување на социјални пакети на пензионерки со ниски пензии во сите 14 ограноци.

По повод одбележувањето на Меѓународниот ден на жената 8. Март, во време на пандемијата претседателот на ЗП Струга Миломрад Трпоски, на сите жени вклучени во органите на Здружението и на жените волонтерки на Црвениот крст од Струга, им го честита 8. Март преку ОНЛАЈН–варијантата посакувајќи им многу здравје, среќа, најубави семејни мигови, додека пак компанијата „Нуга бест“ по повод 8. Март на сите жени од третата доба им понуди третман со производите на „Нуга бест“ за подобро здравје. Жените кои присуствуваа на промоцијата беа пријатно изненадени со подароци.

И оваа година, како и минатите, но овој пат на многу поразличен начин, во помал број и со почитување на сите медицински протоколи за вакви средби, во просториите на Клубот на пензионери во ЗП Демир Хисар, симболично се одбележа 8. Март. На присутните најпрво прзникот им го честиташе претседателката на Активот на пензионерките Благица Богоевска. Градоначалникот на Општина Демир Хисар Марјанче Стојановски, кој присуствуваше на средбата, честитајќи им го празникот им посака пред сѐ здравје, среќа, радост и семејна благосостојба, со желба и натаму безусловно да се залагаат за остварување на основните човекови права, а воедно им подари по еден цвет на највозрасните сограѓанки. И претседателот на Здружението Кирило Блажевски, им го честита Меѓународниот ден на жената. И тој им подари по еден скромен подарок: саксиско цвеќе – персиска циклама.

Оваа 2021 година во ЗП Штип изостанаа традиционалните дружења и забави на пензионерите поради пандемијата. Раководството донесе одлука на 5 жени пензионерки над 90 години да им се подарат пригодни подароци и по еден цвет, а на станарите во пензионерскиот дом хуманитарни пакети со храна и хигиенски средства. Празникот беше повод та пензионерките се навратија на убавите мигови од детството кога со своите мајки и баби правеле мартинки од црвен и бел конец, кои ги врзувале на раката од девојчињата.



И пензионерките продолжувачки на боречките традиции на СБ Штип, го одбележаа 8. Март, со оддавање почит на хероините паднати за денешната слобода на Македонија, Вита Поп Јорданова – Цена и Вера Циривири – Трена. На одбележувањето беше положено цвеќе од повеќе делегации, а дечињата од градинката Вера Циривири – Трена, изведоа пригодна програма со стихови и песнички за празникот на мајката.

Достоинствено беше одбележан Меѓународниот ден на жената 8. Март и во ЗП Крива Паланка. Според идејата на претседателката на Активот Анка Стојановска беа засадени 21 ружа во кругот на здружението на пензионерите, под мотото „Сакаме општество кое нуди еднакви можности за сите“. Ружите беа засадени од група пензионерки, а учество зеде и раководството на здружението. По засадување на ружите пензионерките беа почестени и при тоа претседателката Анка Стојановска им го честиташе празникот. Празникот им го честита и претседателот на здружението Трајче Давидовски кој им подари по едно цвеќе на присутните пензионерки. По повод 8. Март беа набавени и пет комплети маса со столици исклучително за користење на терасата на Клубот на пензионери за дневен престој.

И општинската установа Дом на културата „Крсте Мисирков“ во Свети Николе, по повод Денот на жената 8. Март организираше програма насловена „Жените и творештво“ – изложба на ракотворби на светиниколчанки кои се посветени и исполнети со љубовта кон уметноста. Програмата се одвиваше согласно со протоколите за заштита од ковид 19. Соработките со Домот на културата и ЗП Свети Николе се мошне успешни. На предлог на претседателката на Активот на жени при Здружението Светлана Иванова, на изложбата се приклучија и неколку пензионерки творци во повеќе области на уметноста. Присутните главно жени, уживаа во изложените слики и разни ракотворби, и сите добија по еден цвет од директорката на домот.

Традиционално во Кичево меѓународнот ден на жената, 8. Март се славеше во просториите на хотел „Кичево“ во организација на активот на жени при здружението на пензионери Кичево. Годинава таа прослава изостана поради оправдани причини и поради мерките за заштита во услови на пандемија.

Активот на жени при ЗП Кичево знатно со помал број на жени, не заборави да го одбележи 8. Март, Денот на жената. На овај ден, ја посети детската градинка која го носи името на кичевчанката – жена борец во НОВ, Олга Мицеска и положија свежо цвеќе на нејзината биста. По повод празникот во градинката беше отворена специјална соба за деца со посебни потреби.

**Дописници на СЗПМ**

ЗП ОВР на РМ

# Да си простиме

Марија веќе неколку часа седи замислена во фотелјата. Во станот владее неверојатна тишина која ја нарушува само отчукувањето на стрелките од стариот ѕиден часовник. Повремено од ходниците од зградата ги заслушува гласовите на соседите кои им посакуваат добредојде на нивните најмили.

Денес е големиот христијански празник ПРОЧКА и обично помладите, ќерките и синовите, внуците одат кај своите родители, кај бабите и дедовците.

И Марија уште од утрото го чекаше својот син Јован со семејството да дојде за овој голем празник да се простат, да ги почести со баклава, да поразговараат, да ја разбијат оваа неподнослива тишина. Но веќе е 18,00 часот а од нив нема никаков глас.

Додека ги чека размислува за нивниот досегашен однос, за нивните чести расправии, несогласувања и меѓусебни инаетења. Ваков им е односот откако син ѝ Јован и се спротивстави и се ожени со Виолета. Но Марија конечно денес си призна себеси дека син ѝ Јован е среќен со неа, дека тие имаат убав семеен живот, дека снаата Виолета секогаш со почит се однесува кон неа. За првпат по толку време стана свесна дека всушност таа им има многу згрешено. Од лутина што се ожени против нејзина волја, овие седум години му го загорчи животот на својот единствен син и на неговото семејство. Додека таа сама се ширеше во трособниот стан тие тројцата живееја во еднособен стан, а згора на тоа таа постојано за нешто се жалеше, негодуваше, им префрлаше дека не се грижат за неа. И така сите овие години им поминаа во карање и помирување.

Но, по последната кавга и тоа за обична глупост, син ѝ јасно и гласно и кажа дека повеќе нема да дозволи да ги малтретира и да им ја нарушува семејната среќа. Марија многу се навреди и му рече повеќе да не и се јавува и да не доаѓа.

И навистина, ни Јован, ни Виолета, па дури ни малиот Зоки ниту и се јавија по телефон, ниту дојдоа да ја посетат скоро три месеци. Само за Нова година Јован преку СМС порака и го честита празникот и толку.

На Марија и беше тешко, но сѐ уште беше навредена и не сакаше да попушти. Беше сигурна дека денес сепак ќе дојдат и ќе побараат да им прости. Но сега сфати дека претера со нејзиниот однос кон нив и дека всушност таа треба да побара да и простат, но и дека треба да им го отстапи нејзиниот стан за да можат поубаво да живеат и да се радува на нивната среќа.

„Но само да дојдат. А можеби таа треба да го направи првиот чекор, таа да им се јави? Да така ќе стори“, си рече и го зеде телефонот за да го заврти бројот на Јован.

Во истиот момент некој заѕвони на ѕвончето од влезната врата на нејзиниот стан. Марија вознамирено и со солзи во очите ја отвори вратата и веќе во прегратка и се фрли малиот Зоки. Марија го подигна саканото вниче и со нем молбен поглед за прошка гледаше во Јован.

И на Јован му беа насолзени очите, придушено изусти: „Прости ми мамо, те молам прости ми за се...“, и си ја прегрна мајка си.

Марија го спушти Зоки, го фати за рамената Јован и скоро со свечен глас му рече: „Сине денес јас барам прошка од вас, изгледа премногу грешев, простете ми сине и ти и Виолета. Јас конечно сфатив дека со моите постапки непотребно ви ја нарушував вашата семејна среќа...“

„Мајко сепак ти си најстара и ние бараме да ни простиш“, рече Виолета и ја прегрна Марија.

„А јас велам дека сите по малку претеравме, но ова никогаш повеќе да не ни се случи. И ајде, мамо, конечно да ја пробаме твојата баклава„, среќно рече Јован.

„Да простено нека ни е на сите и никогаш повеќе да не се караме. Ајде седнувајте, цел ден ве чекам најмили мои“, среќно рече Марија.

**Соња Смилеска**


Пензии
Пензиите на прво место!
Редовна исплата на пензиите
• Дебитна картичка за подигнување готовина од сите банкомати во земјата без провизија.
• Дозволено пречекорување на трансакциска сметка до 2 пензии.
HALKBANK
ВАЖНИ СЕ ЛУЃЕТО
halkbank.mk
HALKBANK
ВАЖНИ СЕ ЛУЃЕТО

ЗП Прилеп

# За фолклорот во прозата на Петре М. Андреевски

Новинарот, колегата Атанас Тасевски повеќе од половина век пишува, твори, создава и како медиумски човек и како писател. Досега има објавено 8 книги низ кои со своите пишани видувања се обидува да го зачува времето, мигот, настаните. Неговото последно дело го посветува на еден од најдобрите македонски писатели и автор кој го зачува народниот израз, Петре М. Андреевски. Тасевски и овде покажува дека покрај новинарството му лежи и литературата и публицистиката. Тој се покажува како автор што е фанатично врзан за раскошната мисла, за течниот лапидарен израз кој изгради сопствен препознатлив стил во македонското новинарство и публицистика.

Досега има објавувано новинарски текстови и публицистички свои видувања во голем број весници и списанија. Едно време беше и директор на Центарот за печат, радио и телевизија во Прилеп. Тасевски е автор и на сценарија за краткометражни филмови. Добитник е и на многу новинарски награди, како и на наградата „Трети ноември“ на градот Прилеп. Автор е на книгите: „Незаборавни сеќавања“, „Непокорени“, „Говедаровата ќерка“, „Изборна година“, „Чебренска љубов“, „Сам родител, сам гробар“ и „Љубовта не старее“.




Последното дело Атанас Тасевски го посветува на фолклорот и традицијата на нашиот народ. Основните фолклорни елементи ги доближува до читателот од една страна, а од друга страна го прикажува и Петре М. Андреевски како еден од современите автори инспирирани од фолклорот и традицијата. Во книгата се споменуваат автори кои пишуваат за фолклорот и традицијата на македонскиот народ и, секако, автори кои пишувале за Петре М. Андреевски. На страниците на книгата има и многу цитати од неговите дела кои се потврда за неговата блискост со народното творештво и за вештината да го сочува и да го вткае во сопствениот литературен израз.

– Познато е дека Андреевски често знаел да слуша раскажувања од народот кои понатаму му биле мотив, инспирација за неговите дела. Истражувачот Тасевски во оваа студија, ни се јавува како голем познавач на книжевното наследство, агилен творец на дијамантното јадро од таа обемна синтеза во неговата творечка лабораторија, претставувајќи го пред нас сржниот производ, од неговата истражувачка дејност, – вели Петре Димовски во своето изјаснување за книгата на Тасевски.

Преку оваа книга Атанас Тасевски потсетува на некои од кратките фолклорни жанрови во прозата на Андреевски, на етнолошките елементи во некои од неговите дела, а прикажува и нешто што е запишано во книгите, како на пример во „Пиреј“, во „Скакулци“, во „Последните селани“ и други.

Тасевски, е член на Здружението на инвалидските пензионери.

**К. Ристески**

Кратово

# Споменување на истакнатиот македонски поет Чедо Јакимовски



Деновиве во Кратово беше одбележана 81–годишнината од раѓањето и 28–годишнината од смртта на истакнатиот македонски поет од Кратово Чедо Јакимовски.

Поезијата на Чедо Јакимовски се смета за најблиска до совршенството и се изучува на многу светски универзитети.

Во Википедија за Чедо Јакимовски е забележано следново: „Чедо Јакимовски е истакнат македонски поет, роден во Кратово на 22 февруари 1940 година. Починал во Скопје на 12 јануари 1993 година, (неговите посмртни останоци се погребани во Кратово м.з.). Во неговиот краток боемски живот оставил малку по број дела, но со извонреден квалитет. Тој во светски рамки се смета за еден од творците на стихови блиски до совршенство. Секоја песна излезена од под неговото перо минувала низ строга проверка на метроном. Бил член на Друштвото на писатели на Македонија од 1966 година. Автор е на книгата „Нарциса“ (1966), „Лажно море“ (1971), „Хелеевата комета“ (1985). Сродни по тема и стил му се проколнатите поети.

Секоја година во негова чест се доделува наградата „Нарциса“ за придонеси во поезијата. Од 2007 година во Кратово започна чествувањето на Чедо Јакимовски (под наслов „Лесновските ѕвона“ м.з.) и ќе продолжи како традиција.

Преведуван е на неколку светски јазици.

### Лесновските ѕвона

Која ѕвезда згаснала ноќва па безумно грмат
Лесновските ѕвона Дали е непознат празник
на мртвите што се креваат и со бела срма
ги китат просторите заспани и празни
О дали во мене се буди заспаното море
и како прастаро животно низ жилите ми скита
Се е затворено Пат ни долу ни горе
Ни во себе ни од себе Само како сенка ита
низ моето изгнанство една чудна тага
и лесновските борови ги кити со сјај вечен
Јас од младоста изгубив секоја трага
Се е затворено и секој збор е речен.
Да не умрел некој ноќва па безумно ѕвонат
лесновските ѕвона (Сред беспаќе изгубен стојам)
Додека живите чудни соништа сонат
на исток згасна и ѕвездата моја.

Чедо Јакимовски е поет новинар и културен деец и еден од најдобрите македонски поети, врвен верификатор и мајстор на сонетот. Неговото име е неодминливо во секоја антологија на современата македонска поезија. И за крај, на малкумина освен на неговите блиски, им е познато дека Чедо Јакимовски беше и одличен музичар кој свиреше на гитара, хармоника па дури и на труба. Исто така тој беше талентиран и за сликање, особено неговиот талент го користеше за пишување на плакатите за игранки, на кој тој свиреше, на кои имаше извонредни цртежи. Можеби во оваа лежи тајната за неговата преубава поезија.

**Методи Мишевски**

# Сликарката

*„Кога една врата на среќата се затвора, друга се отвора.“*
**Хелен Келер**



Кога замина во пензија си вети: ќе купам штафелај и прибор за сликање и ќе сликам. Така и направи. Си го исполни дамнешниот сон кој не и дозволија нејзините родители да го отсонува. А многу сакаше да слика. Сите тетратки и беа „насликани“. Но одлуката на родителите беше дека да се запише на Ликовна академија не е добро. Што ќе работи? Наставничка по ликовно! Сигурно нејзините слики нема да се толку добри за да ги купуваат луѓето. А и времињата не се такви за да може да се даваат пари за слики, велеше татко ѝ.

И така се запиша на Машински факултет и стана машински инженер.

Годините минуваа. Работата и беше убава. Работеше во фабрика на автомобили на дизајн на школката на колите. И тоа имаше нешто заедничко со фантазијата и со уметноста.

Не се омажи, но го виде светот. Отиде секаде каде што помисли и посака. Така кога една врата и се затвораше и се отвораше друга.

Сега како пензионерка си воспостави сопствен ред на живот. Стануваше многу рано. Во студените денови седеше до прозорецот кој гледаше кон Дунав и го чекаше изгрејсонцето. Кога беше топло истото тоа го правеше седната на малата тераса во нејзината омилена фотелја и уживаше во будењето на денот, на животот.

Кога денот беше мрачен седнуваше да слика и ги пренесуваше своите собрани импресии на платно. Насликаните цвеќиња беа толку убави што кога ќе ги видиш ќе им се приближиш да ги помирисаш, толку многу изгледаа вистински.

Црташе и пејзажи, ликови, актови, мртва природа.

Како минуваше денот по појадокот одеше на Калемегдан да шета и да се дружи со високите вити ели кои како да и се поклонуваа нишани од ветрот.

Често пати ќе седнеше на некоја клупа и ќе ги гледаше Дунав и Сава како мрзливо се приближуваат една кон друга за да продолжат здружени заедно. Понекогаш одеше да се шета со една пријателка, исто така пензионерка, со која некогаш работеа заедно.

Многу ги сакаше прошетките по Калемегдан. Во секое годишно време.

Го сакаше кога беше сè бело, украсено, чисто...

Го сакаше наесен насликан во златно–црвени нијанси на лисјата кои шепотеа под нејзините нозе додека шеташе по познатите „нејзини“ патеки.

Го сакаше напролет кога сè беше расцутено, миризливо, разбудено...

Го сакаше и во лето и уживаше во дебелите ладни сенки на огромните дрвја.

Таму собираше инспирации кои потоа кога се враќаше во својот мал со љубов среден стан, ги пренесуваше на платно.

Попладнињата и беа резервирани за читање. Многу сакаше да чита. Нејзината не мала библиотека имаше многу книги. Интересно беше тоа што повеќе од половината беа со посвета, подарени од некој од нејзините многубројни пријатели.

А навечер. Навечер речиси никогаш не беше сама. Кај неа секогаш имаше некој.

Уживаше да се дружи со луѓето, но со оние кои внимателно беше ги одбрала. За своите пријатели беше подготвена се да стори. Ама баш сè. Беше голем човек кој ја сака вистината, затоа беше и сакана и почитувана.

Во влезот ја викаа госпоѓата сликарка. И навистина беше госпоѓа. Секогаш облечена елегантно спортски, според годините, со убави културни манири. Беше доказ дека животот може да биде многу убав и содржаен, се разбира ако се потрудиш да го обликуваш како што ти одговара, според околностите во кои живееш и да бидеш задоволен со она што го имаш. Секогаш, и кога си млад и кога си во одминати години, пензионер!

**Маја Белева**

Охрид, Портрет на Методија Бараковски – Менде

# Седум децении нераздвоен од виолината



Методија Бараковски – Менде во Охрид и пошироко е познат како виолинист, професор по музика, педагог, композитор и успешен раководител на КУД „Ѓердан“. Маестро Бараковски импонира со неговата ведрина, трудољубивост, енергичност и во годините од третата доба успева да биде креативен, сега, напросто ослободен од сите стеги. Бараковски, секогаш насмеан, понекогаш строгиот, а ретко налутениот, зад себе има образовано генерации и генерации деца фолклористи и музичари, од кои како што вели ја впивал и црпел енергијата и тие му биле и се еликсирот на неговиот живот. Чичко Менде, така милуваат да го викаат и познаваат генерации охриѓани кои најчесто биле и се дел од КУД „Ѓердан“ и од Основното музичко училиште „Методи Патче“.Тој со задоволство сака и зборува за спомените од детството, љубовта кон музиката, компонирањето, педагогијата, за семејството и за неговата нераздвојна половина – сопругата Стефка. Менде како личност и редок професионалец, а сега како пензионер сака да го посвети должното внимание на се она што неповратно заминало со младоста.

Бараковски уште во далечната 1968 година, заедно со познатиот сега покоен охридски музичар и професор од Охрид Наум Гаврилоски го формирал КУД „Ѓердан“ со кој и денес раководи. Низ ова друштво минале над 2 000 млади музичари и игроорци. Ја поминале цела Европа со концерти кои траеле со денови особено во летните месеци. Настапувале пред многу туристи пред видни и познати личности од светски калибри. Во 1972 година во хотелот „Палас“ во Охрид, ја имале таа чест да настапат пред претседателот на поранешна СФРЈ Јосип Броз Тито, потоа пред шведскиот крал Густав, пред холандската принцеза, пред Кенет Каунда, и други. Бараковски особено ги сакал песните „Јовано Јованке“, „Билјана платно белеше“, „Охрид, Охрид убав мил и драг“ и др.

– При настапот на КУД „Ѓердан“, пред Кенет Каунда, сакавме да му подариме една убава вазна со охридски мотиви, што не беше по протокол. По настапот едно од нашите девојчиња, истрча да му ја даде. Обезбедувањето веднаш на груб начин го отстрани девојчето, но, претседателот Каунда стана, со насмевка му пријде на девојчето, ја прими вазната и низ солзи го прегрна и бакна, а обезбедувањето дискретно го укори со нишање на главата. Следеше долготраен аплауз. Методија Бараковски– Менде, кон крајот на минатата година ја промовира својата збирка песни „Ѓердан од распеани ноти“ во која се содржани повеќе од 70 песни, чиј композитор, а на поголем дел и автор и аранжер е тој.

– За неговото досегашно творештво и однос со учениците на промоцијата зборуваше неговата некогашна ученичка Марина Чадо, познат виолинист и сопственик, која ќе рече:

– Бараковски е еден од најистакнатите луѓе од културниот и музичкиот живот во Охрид. Ја имав таа среќа да бидам негова ученичка. Ние учениците него повеќе го сакавме од виолината.

Промоторот на книгата, м–р Милчо Јованоски, вели дека Бараковски особено воодушевува со својата ведрина, трудољубивост, енергичност. Иако е во третата доба како пензионер, дека тој успева да биде креативен и ослободен од сите стеги на животот. Со виолината, и синтисајзерот, во просториите на „Ѓердан“ се раѓаат мелодиите, па така настана и оваа збирка, најчесто наменски пишувани кои поголемиот број станаа хитови меѓу најмладите. Менде пишува за големите христијански празници Божик и Велигден, за мајката, другарите, Охрид и езерото. Маестро Бараковски за својот несебичен ангажман во областа на музиката во Охрид има добиено бројни награди и признанија. Бараковски две години беше и член на КУД „Далги“, при ЗП Охрид и Дебрца.

Менде вели: додека можам, додека сум на нога не се двојам од делата и „Ѓердан“. Тоа, ми го одржува и ми го осмислува животот.

**К. Спасески**

ЗП Куманово

# „Светлина во пајажината“

Неодамна од печат излезе стихозбирката „Светлина во пајажината“ на поетесата Мирјана Петровска – Стојчева, пензионерка од Куманово. Ова е убав повод за разговор со авторката, која зрачи со позитивна енергија, жена со ведар дух и прекрасна насмевка.




**● Со честитки и желба да Ви се множат делата, кажете ми што беше пресудно да почнете да пишувате поезија?**

– Од мали нозе имам афинитет за читање, читав се што ќе ми дојдеше до рака. Во гимназија прочитав многу дела од светските класици, потоа станав верен член на нашата библиотека во Куманово. Со поезија почнав пред четири години дружејќи се со професорката по македонски, поетеса, рецензент, лектор. Таа ме охрабри. Се среќававме на чаша полна муабет. По моите разговори со неа, ми рече: „Пишувај, Мирјана, ти си начитана, интелигентна. За жал, таа ненадејно почина. Нејзините зборови ми останаа како амајлија и првата песна ја посветив на неа во книгата „Помени и спомени“. Така почнав да ги нижам една по друга и еве ја мојата стихозбирка „Светлина во пајажината“.

**● Кажете ми нешто за нејзината содржина, како ја доживувате Вие?**

– Содржината во неа е повеќе со факти од моето другарување, доживување, случување, сонување... Збирката содржи 93 песни, главно напишани на македонски јазик, но во неа има и десетина песни напишани на кумановски дијалект. Сметам дека тоа е богатство на современиот стандарден јазик, неговата нијанса и говорен расков. Го негувам нежно, емотивно, во духот на народната лирика и со голема љубов кон говорот на моето детство, на моите предци, говор кој е светиња за потеклото на македонското.

**● Имате учествувано на повеќе литературни манифестации и она што треба да се потенцира е дека сте и добитничка на повеќе награди?**

– Имам добиено четири дипломи за освоено прво место и антологија од „Дата, Песнопој“ Битола. Сега конкурирав во книжевното здружение „Мика“ Панчево. Инаку член сум и во нашето здружение „Васил Иљоски“ од ЗП Куманово. Активно учествувам во читање на мои творби на јубилеи, празници и други манифестации.

**● Како ги поминувате пензионерските денови во оваа пандемија. Која е Вашата порака до читателите на „Пензионер плус“, како да ја решиме мистеријата на животот?**

– Пензионерските денови во пандемија ги поминав во кругот на семејството. Позитивна сум и верувам дека сево ова наскоро ќе заврши. Ми недостига дружба со моите другари по перо. Мистерија на животот? Многу добро прашање, со многу одговори. Не ги бројам годините. Мојата порака е: Бидете оптимисти, сочувајте го во себе најубавиот период од Вашиот живот, шетајте, радувајте се на секој нов ден, на секој сончев зрак. Оставете ја политиката на политичарите, работата на помладите, гледајте како се да е розово, продолжете си го животот.

**Јасмина Тодоровска**

Mbledhje e KE i LShPM

# Me gjithë pandeminë jemi të kënaqur me realizimin

Më 12.3.2021, është mbajtur mbledhje e Këshillit ekzekutiv i LShPM. Përveç anëtarëve të Këshillit ekzekutiv kanë marrë pjesë edhe prim. d-r Stojançe Stefanoski, kryetar i Komisionit për shëndetësi dhe politikë sociale dhe d-r Dimitar Dimitrievski anëtar i Këshillit drejtues i Fondit për sigurimin shëndetësor i Maqedonisë. Para fillimit të mbledhjes, Kompania IUTE kredit ka pasur një prezantim të shkurtër interesant të prodhimeve të veta kryesisht në interes të popullatës kushte të pandemisë. LShPM dhe shoqatat janë përballuar me sfidën Kovid-19 për çka, pjesë nga aktivitetet ishin anuluar dhe zëvendësuar me të tjera. Kuptuam se jeta pos kufizimeve nga pandemia patjetër të vazhdojë, kuptohet në pajtim me rekomandimet e Qeverisë, Komisionit për shëndetësi në RM së Veriut dhe rekomandimet të cilat i formuam





pensioniste të rritur e cila sipas tyre është grup me të cilin mirë bashkëpunon. Janë përgatitur disa risi, e një ndër ata është lëvizja e kufirit të pleqërisë deri më 77 vjeç.

Për propozim - raportin për punën e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë për vitin 2020, fjalën hyrëse e dha kryetarja Stanka Trajkova. Ajo ndër të tjera ka thënë:

- Raporti për punë ka për qëllim të jep pasqyrë për punët që janë kryer në neve si Lidhje. Kryesisht në tërësi në nivel të LShPM në vitin 2020 me rëndësi ishte veprimtaria sociale-humanitare të cilën e bënë vetë shoqatat ose në bashkëpunim me komunat dhe Kryqin e kuq.

Pas diskutimit Propozim-Raporti është miratuar me çka do të shkoj në Kuvend.

Për Raportin financiar, për të hyrat dhe të dalat dhe shpenzimet e realizuara në vitin 2020 në Lidhje, arsyetim të shkurtër ka dhënë sekretari i Këshillit ekzekutiv Menka Temelkovska, e cila ka theksuar se në vitin paraprak janë realizuar të hyra në sasi prej 9.067.610 denarë, kryesisht nga anëtarësia, ndërkaq, të gjitha harxhimet janë në sasi prej 5.982.683 denarë të cilat janë më të ulëta në krahasim me planifikimet, çka do të thotë se janë shfrytëzuar në mënyrë racionale, por edhe për arsye të mosrealizimit të disa aktiviteteve për arsye të pandemisë. Pas diskutimit edhe ai është miratuar.

Në mbledhje është sjellë Vendim për caktimin e nikoqirëve për Revyalin e 19-të të këngëve, muzikës dhe valleve për vitin 2021. Nikoqir do të jenë shoqatat: Dellçevë, Gjevgjeli, Kisella Voda, Kumanova, Prilepi, Shtipi, Struga dhe Tetova të cilat edhe kanë dhënë deklaratë për pajtim.

Gjithashtu, është sjellë Vendim për emërimin e Këshillit organizativ për realizimin e revyalit të këngëve, muzikës dhe valleve në vitin 2021 në përbërje: Stanka Trajkova, Ilija Adamoski, Mentor Qoku, Menka Temelkovska, Magdalena Sporovska, Tome Stojkov dhe kryetari i shoqatës nikoqir i revyalit regjional.

Në propozim të Komisionit për shëndetësi, viti 2021 është shpallur për vit të aktiviteteve humanitare.

**Kalina S. Andonova**

Bisedë me u.d drejtoreshën e FSPIMV Biljana Jovanovska

# Bashkëpunimi është në nivel të duhur

Bashkëpunimi në mes Fondit e sigurimit pensionist-invalidor në vendin tonë dhe Lidhjes së shoqatave të pensionistë të Maqedonisë është në nivel të duhur, në interes të pensionistëve të tanishëm dhe të ardhshëm. Edhe deri më tani Lidhja ka pasur kontakte të mira me Fondin,




çka është natyrshëm dhe patjetër për arsye të qëllimit dhe detyrat e vëna në aktet dhe Programet për punë të Fondit dhe të Lidhjes. Bashkëpunojnë për gjithë çka që është e lidhur me pensionistët e tanishëm dhe të ardhshëm në kufij të mundësive me qëllim që jeta e pensionistëve të jetë sa më kualitativ dhe më i mirë. Lidhur me bashkëpunimin u.d drejtoresha e FSPIMV, Biljana Jovanovska thotë:

- Ashtu ishte dhe ashtu do të jetë edhe në të ardhmen. Unë personalisht do të përpiqem maksimalisht në atë drejtim me gjithë diturinë time, përvojën dhe kapacitetin intelektual, bashkërisht me ekipin tim. Kujdesi i Fondit pensionist nuk ndal me marrjen e vendimit për pensionim, por vazhdon në procedurë gjatë realizimit të drejtave, pagesës së pensionit, pagesës së ndihmës mortore, në saktësimin e të dhënave për mbledhjen e anëtarësisë dhe në përgjithësi përparimin e sistemit pensionist.

Në korniza të bashkëpunimit drejtoresha Jovanovska ishte mysafire në LShPM dhe është përgjigjur në pyetjet të cilat në mënyrë drejtpërdrejt i parashtrojnë pensionistët në linjën telefonike "Alo - pyetje pensionistësh". Ja çka thotë ajo:

- Para së gjithash dua të them se ideja të përgjigjem drejtpërdrejt në pyetje të cilat do mi parashtrojnë pensionistët në linjë telefonike "Alo - pyetje pensionistësh" ishte e imja, ku u morëm vesh në një nga takimet e punës me kryetaren e Lidhjes Stanka Trajkova, ndërkaq, do të përgjigjem edhe tjetër herë të cilat do t'i sjellë koha aktuale. Sa i përket "paraqitjes" dhe përgjigjeve në pyetjet, më ishte kënaqësi dhe nderë që t' ju përgjigjem në pyetjet qytetarëve tonë më të rritur. Për çka më pyetën? Për shumë çka. Ja do të ndaj disa nga pyetje bashkërisht me përgjigjet e miat

● Pse procedura e fitimit të pensionit zgjat gjatë? (Procedura nuk është e thjeshtë, por unë punojë në mënyrë intensive që afati nga dorëzimi i kërkesës deri te sjellja e vendimit për pension të jetë më e shkurtër. Ju lutem paraqituni në këtë numër ose në Fond dhe do të bëhet shikim dhe do të merren aktivitete).




● A do të ketë edhe këtë vit reakreim në banja? (po, nëse lejojnë kushtet shëndetësore për arsye të pandemisë Kovid - 19)

● A do të ketë pako të pestë dhe a do të përfshihen në të edhe pensionistët dhe cilët? (atë do të vendos Qeveria, ndërkaq, na si fond do të bëjmë çmos që të gjitha masat të vijnë sa më shpejtë dhe më sigurt deri te pranuesit).

● Kishte edhe më tepër pyetje nga mbrojtja shëndetësore siç janë: a do të zgjerohet lista pozitive e ilaçeve, a do të ketë testime pa pagesë për Kovid - 19, kur do të vaksinohen pensionistët e tjerë, për të cilat unë jam përgjigjur pyetjeve për të cilat kam njohuri.

Qëndroj në dispozicion që edhe në të ardhmen të kem komunikim të tillë direkt me pensionistët e tanishëm dhe të ardhshëm.

**K.S.A.**

ShP Tetovë

# Është mbajtur mbledhje e Kuvendit 2021

Më 3.3.2021, është mbajtur mbledhje e Kuvendit të ShP Tetovë, për vitin 2021. Në rend të ditës të mbledhjes ishte sjellja e Vendimit për miratimin e Llogarisë vjetore për punën materiale-financiare të shoqatës për vitin 2020 me pasqyrë tabelë për të hyrat dhe të dalat me indeks të realizimit dhe arsyetim me pasqyrë tabelë; Miratim i Raportit të Këshillit mbikëqyrës për kontrollin e bërë për punën materiale-financiare dhe sjellje Vendimi për propozimin të Shoqatës të pensionistëve Manastir, për vëllazërim me nënshkrim Memorandum për bashkëpunimin e ndërsjellë. Të njëjtat materiale më parë ishin vërtetuar në mbledhjen e Këshillit ekzekutiv dhe propozuar për miratim në Kuvend. Në mbledhjen e Kuvendit, mundej vetëm të dëgjohen fjalë lavdëruese për punën e tërësishme të Shoqatës në vitin 2020, në kushte pandemie, duke arritur rezultate të shkëlqyeshme në të gjitha aspektet të jetës së organizuar pensioniste, plotësimi i aktiviteteve të cilat nuk ishin realizuar për arsye të pandemisë, me përmbajtje të reja dhe mirëmbajtjen investuese dhe rregullimin e Shtëpisë së pensionistëve dhe aktivitete në sferën e shëndetësisë dhe mbrojtjen shëndetësore të pensionistëve gjatë pandemisë. Efektet e punës pozitive financiare, propozim i anëtarëve të Kuvendit ishte që të shfrytëzohen në vitin 2021, me investime dhe përmbajtje të reja.

**Svetozar Dimovski**

ShP Çair

# Takim me kreun e Komunës Çair Visar Ganiu



Kryetarja e Lidhjes shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë Stanka Trajkova, bashkërisht me delegacion nga ShP Çair, më 10 mars 2021, realizoi takim me kreun e Komunës Çair, Visar Ganiu, i cili është njoftuar me aktivitetet në rrjedhë të Lidhjes dhe me problemet e përditshme me të cilat përballohen pensionistët e Komunës Çair. Në fillim, kryetarja Trajkova në shenjë falënderimi për mbështetjen që kreu Ganiu, në korniza të mundësive gjithnjë është i gatshëm që t' ju del në ndihmë kërkesave të pensionistëve, me përkushtim i ka dhuruar Monografi të LShPM nga kryetarja Trajkova, ku është vënë teksti i Revyalit muzikor në të cilën ishte i pranishëm kryetari, ndërkaq, nikoqir ishte ShP Çair, si dhe një kopje të gazetës "Penziner plus".

Përfaqësuesi i ShP Çair e kanë njohur kreun e komunës për rrugën zhvillimore dhe punën e shoqatës, për çka ka theksuar se kjo është edhe një nga disa takimet për të cilën bisedohet për mbështetjen e kësaj kategorie qytetarësh, gjithë me qëllim që të përmirësohen kushtet e tyre për jetë. Posaçërisht u ndalën te problemi i sigurimit të lokaleve për degët e Shoqatës, të cilat do ju shërbejnë si klube për shoqërim të përditshëm të pensionistëve në pjesë të ndryshme të komunës. Në fund ka theksuar bashkëpunimin e mirë tradicional me pushtetarët e komunës, ju falënderua kreut të komunës Ganiu për atë që komuna dhe ai personalisht deri tani kanë bërë për pensionistët dhe ka shprehur mbështetjen e tij për aktivitetet e ardhshme të përbashkëta.

Në këtë takim, kreu i komunës Ganiu, ka theksuar bashkëpunimin e shkëlqyeshëm me pensionistët, duke theksuar se të gjitha aktivitetet dhe nevojat e tyre janë mbështetur nga Komuna, duke theksuar se edhe kujdesi për grupet e më të rriturve qytetarësh vazhdon të përparohet, me qëllim që të mundësohet ditë më të mira për pensionistët. Kreu i komunës ka premtuar kujdesi për klubet pensioniste në Komunën Çair do të vazhdojë edhe në të ardhmen dhe theksoj se do të angazhohet që për një periudhë të shkurtër të gjenden objekte përkatëse, për të cilat qiraja dhe inventari do të jetë në ngarkesë të Komunës.

Në fund u tha falënderim për Komunën dhe kreun e saj Ganiu, për mbështetjen në vazhdimësi dhe është vlerësuar se takimi ishte produktiv.

**Vasil Paçemski**

ShP Saraj - Mbledhje e Këshillit ekzekutiv dhe Kuvendit

# Me gjithë pandeminë, rezultatet nuk munguan

Më 09.03.2021 Këshilli ekzekutiv i Shoqatës së pensionistëve komuna Saraj, nën drejtimin e kryetarit Mahir Duraku, ka mbajtur mbledhjen e rregullt në të cilën përveç anëtarëve të Këshillit ishin prezent edhe kryetari i Kuvendit Baki Bakiu, kryetari i Këshillit mbikëqyrës Bedri Tairi, kryetarët e degëve dhe kryetarja e Aktivit të grave. Pika kryesore të rendit të ditës ishin: Raporti për punën e organeve dhe trupave të shoqatës; Raporti financiar për të hyrat dhe të dalat në vitin 2020 si dhe Vendim për miratimin e llogarisë përfundimtare për vitin 2020.



Pas miratimit të procesverbalit të mbledhjes së fundit dhe të rendit të ditës, kryetari Duraku dha një rezyme lidhur me aktivitetet e realizuara programore duke theksuar se për arsye të pandemisë, aktivitetet programor nuk janë realizuar në tërësi. Ai përmendi realizimet dhe mosrealizimet. Posaçërisht theksoj pjesëmarrjen në Revyalin e këngëve, muzikës dhe valleve që u mbajt në Qendrën rekreative Saraj, ku shoqata jonë ishte nikoqire me ç’rast u treguam si mjaftë të suksesshëm fal edhe ndihmës nga LShPM. Ai theksoj edhe ndihmën e ndarë në të holla për pensionistët me pensione të ulëta...

Lidhur me Raportin financiar ai theksoj se harxhimet janë në kuadër të planifikimit dhe se për arsye të aktiviteteve të reduktuara, harxhimet janë më të vogla. Pas diskutimit të Baki Bakiut, Bedri Tairit, d-r Jovan Deçkov, Zulfie Ramadanit dhe Feta Demirit, të tre dokumentet u aprovuan njëzëri.

Më 16.03.2021 në Klubin e shoqatës, mbajti mbledhje edhe Kuvendit i shoqatës nën drejtimin e kryetarit Baki Bakiu, ku ishin të pranishëm të gjithë anëtarët e Kuvendit, kryetari i KE Mair Duraku, i KM Bedri Tairi, anëtarë të KE, dhe kryetari i degës Feta Demiri. Pika të rendit të ditës ishin ato të Këshillit ekzekutiv.

Pas miratimit të procesverbalit dhe të rendit të ditës, kryetari Bakiu ka dhënë theksime lidhur me realizimet programore dhe të hyrat dhe të dalat financiare në vitin 2020. Ai ndër të tjerat theksoj se duke marrë parasysh se ishte një vit mjaftë i vështirë për arsye të pandemisë, në këto kushte realizimet programore janë të suksesshme. Për aktivitetet programore në vitin raportues, ka folur edhe kryetari Mair Duraku. Bakiu ka theksuar se edhe Raporti financiar është në kuadër të planifikimeve. Për këtë Raportin financiar keni materialin nga KM me kryetarin Bedri Tairi, ku është konstatuar se mjetet financiare janë përdor në rregull dhe në baza ligjore. Pas diskutimeve janë miratuar të tre dokume-ntet e rendit të ditës. Në fund është verifikuar mandati i Abedin Krosit për anëtar të kuvendi, propozuar nga dega e Kondovës.



**B.B.**

Faqen e redaktoi Baki Bakiu

# Што зборува јазикот за токсините во организмот?

Дали знаете дека со гледање на вашиот јазик можете да откриете дали имате проблеми со црниот дроб, како функционира вашиот дигестивен систем и дали се грижите премногу во животот? Не станува збор за трик, туку за детален преглед на јазикот, метод практикуван од кинеската народна медицина со илјадници години. Јазикот е огледало на телото, а одредени делови на јазикот, според народната медицина, одговараат на органите во нашето тело. Иако за супериорна анализа на јазикот се потребни вештини, знаење и долгогодишно искуство, прегледот треба да го правите наутро, веднаш штом ќе се разбудите, пред да ја направите утринската хигиена. За почеток, важно е да знаете како изгледа здрав јазик. Тој има неколку карактеристи–ки:

**Боја** – има розова боја, без темни или бледи области. Оваа боја укажува на здраво снабдување со крв.

**Облик** – еластичен, флексибилен јазик. Неговата површина е мазна, не е распукана, отечена или ослабена. Јазик кој трепери, кој е млитав или премногу цврст, укажува на проблеми во телото.

**Наслаги** – здравиот јазик е без наслаги или има слабо забележливи бели наслаги. Високо видливите бели наслаги се знак на токсини и прекумерно консумирање на млечни производи, додека кафеавите, сивите и темните дамки укажуваат на проблеми со варењето, бубрезите или црниот дроб.

**Влажност** – здравиот јазик е малку влажен, не е сув или премногу влажен.

Со поглед на јазикот откријте каде се вашите слаби точки

**1. Слоеви во позадината на јазикот** – Тие се наоѓаат во близина на коренот на јазикот и се знак на проблеми со варењето на храната и укажуваат на токсини или паразити кои се насобрале во цревата.

**2. Слоеви на рабовите на јазикот, по должина на коренот** – Тие се знак на токсини и преоптоварување на **бубрезите** и можат да укажат на појава на сериозна болест. Покрај бели, слоевите можат да бидат и потемни, кафеави или многу светли.

**3. „Празно" срце на јазикот, опкружено со наслаги или црвени точки** – Центарот на јазикот е црвен, опкружен со наслаги, понекогаш со мало дупче во тој дел. Оваа област укажува на чувствително срце. Тоа е знак на преоптоварување на телото со токсини во крвотокот и на целиот организам. Во духовна смисла, тоа е знак на нерешена тага, очај и депресија што се манифестира на целиот организам.

**4. Црвеникави дамки на рабовите, по должина кон врвот на јазикот** – Укажува на проблеми со белите дробови и потешкотии со дишењето, можат да бидат знак за појава на депресија.

**5. Бели или кафеави дамки на рабовите на јазикот, по должина кон врвот** – Тоа е знак на проблеми со белите дробови, кои се затнати со наслаги на секрети, болести како што е бронхитисот.

**6. Темни наслаги со црни точки на рабовите на јазикот, по должина кон врвот** – Индикација за воспаление на **белите дробови** и сериозни проблеми кои треба веднаш да се решат.

**7. Јазик со знаци на заби** – Тоа е знак на ослабено **варење** што спречува телото да ги искористува хранливите материи од храната. Причината може да биде алергија на храна, воспаление во дигестивниот систем, лоша исхрана, итн. Токсините што остануваат во организмот поради лошо варење, предизвикуваат зголемување на јазикот, што потоа ги остава очигледните траги од забите.

**8. Бели наслаги во средината на јазикот** – Укажуваат на токсини кои се наоѓаат во цревата.

**9. Бели наслаги или црвена површина во средината на јазикот** – Открива нечистотии и натрупани токсини во тенкото црево.

**10. Јазик со испукани делови, „бразди"** – Укажува на лошо варење, забавена работа на тенкото и дебелото црево и проблеми со нервниот систем. Тие можат да бидат знак на нетолеранција на одредени видови храна, но и показател дека телото се справува со тешка духовна состојба, како што се страв, несоница, вознемиреност...

**11. Јазик кој како да има реси по работ -** Тоа е знак за емоционална нестабилност – стравови, несигурност и вознемиреност.

**12. Линија на средина на јазикот** – Линијата лоцирана на средината на јазикот, може да укажува на проблеми со жрбетот и е поврзана со емоционални причини. Тоа е знак на акумулирана напнатост и стрес што има физичка манифестација.

**13. Наслаги кои се наоѓаат по должина на работ од јазикот, од десната страна** – Укажува на проблеми со слезината, чија работа е ослабена поради болест или токсини.

**14. Наслаги кои се наоѓаат по должина на работ од јазикот, од левата страна** – Тоа е знак на проблеми со црниот дроб и мочниот меур, може да укажуваат и на прекумерна употреба на лекови.

**15. Зголемен јазик** – Може да биде знак на проблеми со тироидната жлезда и задржување на вишокот течности во организмот, како и токсини од кои телото не може да се ослободи.

Како да го исчистите јазикот од наслаги? – Нежно стружејќи го јазикот со посебна стругалка за јазик, но и со влажна крпа и сода бикарбона.

Можеби и се не е баш така ама написот е интересен! **Б. А.**

# Храна која не е добра за лица со висок крвен притисок

Експертите праќаат предупредување за лицата кои имаат проблем со висок крвен притисок! Овде ќе ви укажеме на тоа која храна ви ја скратува должината на животот!

Високиот крвен притисок претставува сериозен здравствен проблем ширум светот, а доколку не се контролира може да предизвика ненадејна смрт, пишува во списанието „Убава и среќна". Според податоците на американскиот Центар за контрола на болести и превенција, повеќе од половина од популацијата не ни знае дека има проблем со висок крвен притисок или не го контролира редовно, што доведува до голем ризик по здравјето.

Високиот крвен притисок познат како „тивок убиец", покрај оштетување на бубрезите и губење на видот, неконтролирањето на високиот крвен притисок често доведува до смртоносен погубен исход. Доколку лекарот ви дијагностицирал висок крвен притисок, задолжително престанете да се храните со овие прехранбени продукти кои подолу ќе ви ги наведеме, за да си го продолжите својот живот. Доколку имате проблеми со висок крвен притисок потребно е да го намалите внесот на храна која содржи натриум.

Американската асоцијација за кардиологија истакнува дека вишокот натриум доведува до повлекување на водата од крвните садови и создава вишок крв што предизвикува зголемен крвен притисок. Исто така, докажано е дека најмногу натриум внесуваме преку внесување сол кој во неумерена доза ја има во брзата храна, спакуваната храна од ресторани. Американската асоцијација за кардиологија, предупредува дека во овие прехранбени продукти се додава најмногу натриум:

**1. Кифли и переци** – еден перек може да содржи до 230 милиграми натриум

**2. Сувомеснати производи** – до 2000 милиграми натриум во 100 грама

**3. Пица** – Едно парче може да содржи 760 милиграми

**4. Пилешко** – 100 грама пилешки похувани прсти може да содржат 600 милиграми

**5. Супа од кеси** – една чинија супа од кесичка може да содржи 940 милиграми натриум

Експертите испраќаат предупредување за лицата кои имаат проблем со висок крвен притисок! Еве која храна ви ја скратува должината на животот... Заситените масти го подигнуваат нивото на холестерол во крвта што предизвикува ризик од срцеви заболувања и мозочен удар. Затоа, сите кои имаат проблеми со висок крвен притисок треба да ги избегнуваат следниве прехранбени продукти:

**6. Масно говедско**

**7. Јагнешко месо**

**8. Свинско месо**

**9. Путер**

**10. Сирење**

Познато е дека прекумерно конзумирање шеќер доведува до дебелеење, висок крвен притисок и холестерол. Меѓутоа, бројни истражувања докажаа дека внесот на шеќер може да влијае на зголемување на крвниот притисок без разлика на тежината.

**Тоа е уште една причина повеќе да ги исфрлите од своето мени следниве прехранбени продукти кои ви причинуваат задоволство додека ги конзумирате**:

**11. Индустриски сокови**

**12. Газирани сокови**

**13. Слатки млечни производи, како овошни јогурти или сладолед**

Доколку често јадете храна што содржи големи количини транс масти, ризикувате да добиете зголемен холестерол, срцево заболување, мозочен удар или дијабетес тип 2. Доколку страдате од висок крвен притисок задолжително избегнувајте ја оваа храна:

**14. Пуканки**

**15. Маргарин - Крвниот притисок мора редовно да се контролира, но потрудете се да бидете сам свој советник и избегнувајте ја храната која секојдневно ви го загрозува здравјето. Потрудете се од своето мени да ги отстраните штетните прехранбени продукти со цел вашата здравствена состојба да се поправи и да си обезбедите долг живот! Т.Г.**

# Митови за витамините

Витамините се корисни, а од корисното секогаш треба повеќе.

– Повеќето луѓе не сфаќаат дека нема вистинска корист ако земаат повеќе од препорачаните дози витамини и минерали и не се свесни дека тие може да им наштетат, – вели д-р Џоана Дуајар од Националниот здравствен институт на САД. Тоа особено се однесува на витамините растворливи во масти, кои се акумулираат во организмот (А и D во црниот дроб, Е и К – во масните ткива). Ако го изедете целиот црн дроб на поларна мечка, може да умрете од предозирање со витамин А, а вишокот на витамин D во организмот доведува до невообичаено висока содржина на калциум во крвта што го оштетува срцето, бубрезите и други органи. Истражување од 1994 година покажува дека пушачите кои земаат подолго време бета–каротен (провитамин А), се изложени на поголем ризик од рак на белите дробови. Витаминот Е го зголемува крвниот притисок, а во комбинација со некои лекови спречува коагулација. Витамините и минералите комуницираат едни со други. Ако земате премногу витамин Е, потешко се преработува витаминот К. Високите количини на витамин А ја зголемуваат потребата на организмот од витамини Ц и Б1. Истото важи за минералите. Ако земате повеќе железо, го лишувате организмот од цинк.

Познато е дека сите потребни витамини ги добиваме од храната – ако јадеме разновидно овошје и зеленчук преку целата година, ако дишеме чист воздух, пиеме изворска вода и не сме под стрес. Според здравствените експерти само 3% од луѓето живеат и се хранат вака здраво. Содржината на витамини во овошјето и зеленчукот зависи од сезоната, од почвата, од тоа дали е свежо или поминало километри. Стакленичните овошје и зеленчук се посиромашни со витамини и минерали. Еден плод губи околу 30% од содржината на витамин Ц кога ќе отстои 3 дена во фрижидер. На собна температура се намалуваат за 50%. Некои витамини се губат при термичка обработка, на пример витамин Ц, а други, како витамин Б2, се уништуваат под дејството на светлината. Загадениот воздух ја зголемува потребата од витамини, да не зборуваме за пушењето: една цигара уништува до 100 мг витамин Ц во организмот. За да ги обезбедиме потребните количества витамини од храната мора да јадеме доста. За да прифатиме доволно витамин Б1 – 1,5 мг. на ден, – треба да изедеме 700–800 г. леб, а за да се набават потребните 200 мг (или 600 IU) витамин D, треба да испиеме десет чаши млеко. Во 100 г. сок од јаболко има околу 2 мг. витамин С. За да си ја обезбедите дневната потребна доза од 65 мг, треба да испиете 3 литри сок.

Кога треба да се земаат витамините? Некои ги пијат наутро на гладно. Други навечер пред спиење. Не се лекови, па многумина мислат дека може да се земаат во било кое време. По ова прашање барем експертите се едногласни - витамините се пијат непосредно пред, по или за време на оброк.

– Речиси сите адитиви треба да се прифатат со храна за оптимална апсорбција, бидејќи состојките влијаат едни на други, – вели д–р Естер Блум.

– Ако земате витамини растворливи во масти како A, D, E или K, тогаш е потребно во јадењето да има масти кои ќе помогнат при апсорбирањето. Ако се пијат на гладно, некои витамини може да го иритираат желудникот, – предупредува таа.

Исто така, некои витамини се губат при готвењето. Но, не сите. Експеримент, направен во 2009 година од Институтот за прехранбени истражувања во САД, покажува дека човечкиот организам апсорбира околу 5% од бета каротинот од еден суров морков. Кога е варен, овој процент отскокнува на 60, а кога е претходно бланширан и потоа варен – до 90%.

Познато е дека витаминот А е корисен за очите. Бета–каротинот, кој им дава портокалова боја на морковите, се трансформира во витамин А во телото. Затоа, колку повеќе моркови јадеме, толку подобро ќе гледаме. Не е баш така. Витаминот А е важен за очите, недостигот може да доведе до слепило – но тој воопшто не помага при кратковидост или далекувидост. Колку и моркови и да јадете, видот нема да се подобри, а реален недостиг на витамин А, кој може да предизвика пречки во развојот, во развиениот свет речиси не се среќава. За сметка на тоа во развиените земји секоја година речиси половина милион деца го губат видот поради недостаток на витамин А во храната. Но и таму морковите не се опција – светските организации бараат потраен и лесен за одгледување зеленчук, на пример слатките компири, кои се богати со бета–каротин, не помалку од морковите.

Во 70–тите години на дваесеттиот век нобеловецот Линес Полинг го популаризира тврдењето дека витаминот Ц штити од лесната вирусна инфекција која не малтретира во текот на студените месеци. Сега тоа го сметаме за аксиома. Но во 2007 година била одржана анализа, која опфаќа децении истражувања и докажува дека витаминот Ц нема суштинска улога во спречувањето на настинката. Единствено што прави витаминската терапија, е да го скрати времето на настинка – со еден ден во годината кај возрасните и четири – кај децата. Овој ефект не може да нè натера да го пиеме во текот на целата година, ако не беа другите негови вредности. Истражување на Калифорнискиот универзитет во Лос Анџелес, спроведено во 1992 година, открива дека 800 мг витамин Ц на ден може да го продолжи животот со 6 години!?

Што е точно, а што не е? Како и да е внимавајте и не претерувајте со земање на витамини, како и со се друго. **М. Дамјаноска**

# За долгиот живот помагаат и чаевите

Дедо Марко е роден во далечната 1910 година. Тој е вклучен во списокот на најстарите луѓе во „Книгата на рекорди на Македонија" бидејќи во април минатата година наполни 110 години.

Дедо Марко ги надживеал повеќето негови врсници, но и многу деца од неговите врсници.

Веќе е прадедо. Тој редовно оди на лекарски прегледи. Како што вели: на контрола. Лекарите му го велат истото: дека е целосно здрав, може утре да трча маратон околу земјата.

Дедо Марко ретко го напушта своето село и секогаш ги одбива неговите деца кога му предлагаат да се пресели во градот.

– Староста си е старост. Но, годините и староста како да не значат ништо за дедо Марко, – велат неговите синови и ќерки

Дедо Марко живее во скромна куќа што му ја оставила неговата покојна сопруга. Сам се грижи за куќата, покрај која има и бавча во која одгледува зеленчук и овоштие. Има и домашните животни: крава, неколку кози и кокошки.

И покрај што е активен, а можеби и заради тоа, Дедо Марко, живее многу долго. Многу подолго од кој било друг. На прашањето како успева во тоа, еве што вели:

– Веќе многупати им кажав на сите што ме прашуваат. Сè се должи на чистиот воздух и спокојот што го имам во селото, но и на чистите органи и крвни садови. Соселанецот Петре ме научи на тоа одамна. Петре живееше со нас во селото, беше билкар. Сите од селото одеа кај него на лекување, а доаѓаа и луѓе од други



села. Ние живеевме куќа до куќа. Се дружевме. Навечер сите си седевме заедно пред продавницата, а тој зборуваше за тоа што и како се лекува. Тогаш сестра ми беше жива. Имаше здравствени проблеми. И таа исто така живееше долго, но пократко од мене. Почина на 95–годишна возраст. Тајната на долговечноста е и во нашите гени, но Петре велеше дека организмот треба да се чисти одвреме–навреме. Но, никој не го прави тоа, па затоа луѓето живеат кратко. Ова е особено за пензионерите во градот. Тие сакаат да земаат апчиња и мислат дека ќе им помогнат. Кога бев во градот со мојата внука, тоа многу ме изненади. Сите што ги сретнав беа болни на 60–годишна возраст. Така помагаат апчињата. За жал, хемијата презеде сè.

Според мене вистина е она што велеше Петре, за долговечен живот тајната е во здрав начин на живот и во чаевите. Собирав лековити растенија. Порано имав повеќе сила. Сам одев в шума кога беше потребно, ги сушев и ги подготвував билките, но сега не собирам растенија сам. Сакам да доживеам до 150 години! – вели дедо Марко, и се смешка.

**М.Б.**


Подарок за најсаканите!
iutecredit
Кредит за пензионери со -15% попуст на трошоци и подарок новогодишно пакетче.


Пензија на 1-ви!
Станете корисник на услугата Пензија на 1-ви и очекувајте ја Вашата пензија порано од сите други.
Понуда и услуги за пензионери:
· Потрошувачки кредит за пензионери со фиксна каматна стапка во првите ДВЕ години почнувајќи од 6,75% и вклучена полиса за животно осигурување;
· Максимален износ до 300.000 МКД;
· Трансакциска сметка и дебитна картичка;
· Без надоместок за следење на Електронско банкарство.
За дополнителни информации посетете ја нашата веб-страница www.sparkasse.mk или информирајте се преку Контакт центарот на телефонскиот број 02-3200-600.
SPARKASSE Bank
Банка на вашето семејство
*Клиентот при доспевањето на последната рата од кредитот може да има максимум полни 70 години.
14,28% СВТ за потрошувачки кредит на износ од 300.000 МКД; рок на отплата 6 години; фиксна каматна стапка од 6,95% п.а. за првите две години и променлива каматна стапка од 8,75% п.а. за преостанатиот период; трошоци за апликација 1.000 МКД; провизија за одобрување на кредитот 1.000 МКД и премија за животно осигурување за лице на 64 години од 42.229МКД (според условите на осигурителната компанија). Врз висината на СВТ влијае рокот на отплата на кредитот, износот на кредитот, надоместоците за аплицирање и обработка на барањето за кредит, премијата за животно осигурување како и висината на номиналната каматна стапка.




## ЗАНИМЛИВОСТИ

### Мисли на мудри луѓе за животот

Кога станува збор за големи луѓе, целиот нивен живот е порака – исто како што тоа знаел да го каже Махатма Ганди – „Мојот живот е мојата порака“. Нивната концентрирана мудрост ни носи, често дури и со интуитивен избор, одговор на прашањата кои долго не мачат. Еве 25 нивни животни пораки:

1. Нашите животи се адаптација на нашите очекувања и надежи, а не на нашето искуство. (Бернард Шо)
2. Животот на секој човек е пат кон самиот себе. (Херман Хесе)
3. Она што не нѐ убива, нѐ прави уште посилни. (Ниче)
4. Животот е мост, не прави куќа на него. (Кинеска поговорка)
5. Каква тишина би настанала кога луѓето би зборувале само за она што тие навистина го знаат. (Чапек)
6. Патувањето од илјада милји започнува со еден чекор. (Лао Це)
7. Мојот живот се моите грешки. (Бекет)
8. Колку повеќе човек вкусил горчина во живот, толку повеќе има желба за слатки. (Максим Горки)
9. Не се смета колку години во животот поминале, туку колку животи поминале во годините. (Линколн)
10. Вистинската смисла на животот е да се насадат дрвја под чија сенка не се очекува да седиш. (Нелсон Хендерсон)
11. Верувајте дека животот вреди да се живее и вашето верување ќе им помогне на фактите. (Вилијам Џејмс)
12. Ние сме тука на земјата за да им помогнеме на другите, а зошто се другите тука јас не знам. (Метју Арнолд)
13. Дозволете ни да погледнеме на животот како на детска игра во која ништо не е сериозно освен чесноста. (Емануел Кант)
14. Верувам дека секој има право да живее онака како што сака, се додека не ги повредува другите. (Џо Намат)
15. Најважно човечко тежнеење е борба за моралност во делувањето. Нашата внатрешна рамнотежа, па дури и нашета егзистенција зависи од тоа. Само моралот во нашето делување може да даде убавина и достоинство на нашиот живот. (Алберт Ајнштајн)
16. Вистина е дека животот е вкусен, страшен, шармантен, застрашувачки, сладок, горчлив, и тоа е се. (Анатол Франс)
17. Оној што не го цени животот, тој никогаш и не го заслужува. (Леонардо да Винчи)
18. Мојот живот е мојата порака. (Махатма Ганди)
19. Еден добар живот трае долго. (Леонардо да Винчи)
20. Подобро е да се погледне животот во театарски делови, отколку да се гледаат театарски делови во животот. (Бранислав Нушиќ)
21. Половина од мојот живот е предмет на ревизија. (Џон Ирвинг)
22. Сите вистински животи се убави и тешки. (Иво Андриќ)
23. Од смртта најмалку се плашат оние чиј живот има најголема вредност. (Емануел Кант)
24. Само проблемите во животот не учат да го цениме добриот живот. (Гете)
25. Вториот дел од животот кај еден умен човек се состои од ослободување од глупостите, предрасудите и погрешните мислења со кои се здобил за време на првиот дел од животот. (Чехов) **М.Д.**

## КРСТОЗБОР

| сз пм | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | сз пм | 7 | 8 | 9 | сз пм | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | | | | | | 17 | | | | 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | 20 | | | | | | | | 21 | | | | |
| 22 | | | | 23 | | | | | 24 | | | | | 25 | | | |
| сз пм | 26 | | | | | | 27 | | | 28 | | | | | | 29 | |
| 30 | | 31 | | | | | | 32 | | | 33 | | | | | | 34 |
| 35 | | | | 36 | | | | | 37 | | | | | 38 | | | |
| 39 | | | | | 40 | | | | | | | | 41 | | | | |
| 42 | | | | | | | 43 | | | | 44 | | | | | | |

**Хоризонтално:** 16. Настапување; 17. Река во Шпанија; 18. Дрвена градба за зрнеста храна (мн.); 19. Бамја; 20. Она што останува; 21. Вид габа што се користи за палење; 22. Извик при чудење; 23. и 24. МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЖЕНАТА; 25. Административно оперативно раководство (крат.); 26. Писмена потврда, уверение; 27. Хемиски симбол за лутециум; 28. Наша планина на границата со Албанија (2.764м); 29. Првата буква; 30. Хемиски симбол за калиум; 31. Облик на англискиот јазик кој се развил во Австралија; 32. Автознак за Тетово; 33. По пат; 35. Името на хрватскиот архитект и карикатурист Рајзингер (1927–2016); 36. Француска пејачка и културна икона, Едит (1915–1963); 37. Знак за сопирање во сообраќајот; 38. Знак за градација на вискозитетот на моторните масла; 39. Област, река и манастир во Црна Гора; 40. Морален пад; 41.Скокање; 42. Згура; 43. Вид глина; 44. Индонезиска новинска агенција.

**Вертикално:** 1. Народно–ослободителна борба (крат.); 2. Главен град на Гана; 3. Гостиварско село; 4. Хемиски симбол за тантал; 5. Знак за алт; 6. Град во Словенија; 7. Начин на пишување или изразување; 8. Вавилонски бог на водата и морето; 9. Фиџичка атмосфера (крат.); 10. Градба на врвот на градот; 11. Знак за метар; 12. Автознак за Битола; 13. Декоративен елемент во ориенталната уметност; 14. Место во Сенегал; 15. Брза; 17. Хемиски симбол за самариум; 18. Езеро и место во Канада; 20. Реакција на кожата од алергија или инфекција; 21. Јама,дупка во земјата; 23. Буква од абецедата; 24. Жичен инструмент сличен на лаутата; 25. Коњ; 26. Староседелец на Египет; 27. Град и пристаниште на Нова Гвинеја; 28. Универзитет за аудиовизуелни уметности (Ecole Supe'rieure de Realisation Audiovisuele) (крат.); 29. Пражител на Нов Зеланд; 31. Град во Стара Феникија; 32. Факултет за музичка уметност (крат.); 33. Туристичка агенција(крат.); 34. Стар град во Апулија; 36. Првак; 37. Единица за електричен отпор; 38. Автознак за Сплит; 40. Знак за кралот во шахот; 41. Хемиски симбол за азот.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение: настап, Сеа, амбари, окра, остаток, трат, бре, ОСМИ МАРТ, АОР, атест, Лу, Кораб, А, К, криол, ТЕ, патем, Ото, Пјаф, стоп, САЕ, Пива, неморал, скок, троска, ума, АНТАРА.**

## Хумор

Улаза ловџија у месарницу и тражи да купи шатку.
– Немамо, имамо пилиња ако сакаш.
– Ти да не си будала. Како ке ву кажу на жену дека сам уловија пиле?

* * *

Правив муабет две медицински сестре:
– Куде доктора има еден луд. Доктор му дава боловање, а он га нејќе!

* * *

– Ѓокице татко ти левак ли е?
– Да. Како знаеш?
– По црвен образ што те удрија.

* * *

– Трајче овај моја жена свак вечер иде по кафане.
– Пие ли?
– Не мене ме тражи.
– Што не ву забраниш?
– А кој ќе ме води дома к’д ке се напију?

* * *

Полицаец почнува да работи на нова позиција и неговиот шеф го запознава со техниката:
– Дали сте виделе детектор за лаги досега?
– Да, оженет сум со еден...

* * *

Четворица дискутираат на тема: чии жени изневеруваат најмногу?! Едниот од нив вели:
– На докторите! Постојано дежурства, итни случаи... и таа... сама!
Другиот:
– На воените лица! Проверки, вежби...
Третиот:
– Не, бе! На морнарите!!! По цели месеци на море и...
Четвртиот... молчи цело време!
– А ти што велиш? – го прашуваат.
– Што да кажам, бе? ... Јас сум доктор на воен брод!!!

* * *

– Митре, што ќе правиш денес?
– Ништо.
– Па нели тоа правеше и вчера?
– Да, ама не довршив!

–Дедо, јас знам да работам на компјутер, со смартфон, таблет... Ти што користеше кога беше како мене?
– Главата, внучко, главата!

* * *

– Знаеш ли, Трпе, дека кога умира човекот, тој не знае дека умрел и не му е тешко.
– Да, ама тешко им е на другите околу него.
– Точно. Така е и со глупавите...

* * *

Си разговараат двајца пријатели:
– Најмногу сакам кога си ја пуштам лентата од свадбата наназад.
– Зошто?
– Си одат роднините, музиката ми ги враќаат парите, а жена ми среќна си оди кај мајка ѝ.

* * *

– Баба Радо, жена ми ме изневерува. Лек или чај?
– Чај од што било и попари ја.

* * *

Дошол еден човек кај Господ и не можел да престане да се смее. Господ се збунил, обично сите кај него доаѓале тажни, па го прашал:
– Што се смееш, зарем не знаеш каде си?
– Знам каде сум, ама како да не се смеам, кога оние долу уште ме оперираат.

* * *

Дошол некој човек кај лекар и му вели:
– Докторе, ме боли цело тело! Ќе ја допрам главата – боли, ќе ја допрам ногата – боли, ќе го допрам стомакот – боли. Се ме боли. Откако лекарот детално го прегледал му вели:
Телото ти е во ред. Скршен ти е прстот.

## Грне и лонец

Шумското поточе по дождот нараснало и ги однело грнето и бакарниот лонец низ водата. Тркалајќи се, грнето постојано бегало од бакарниот лонец, на кој му станало чудно и го прашал грнето, зошто постојано бега од него и му рекол:
– Не плаши се, не бегај, нема да ти сторам ништо.
Грнето возвратило:
– Не се плашам. Зарем не гледаш дека водата ме занесува таму–ваму, ако удрам во тебе ќе завршам на парчиња.
Поука: На јаките не им е ништо, а послабите треба да внимаваат за да се сочуваат.



# Информација за банката

## ХАЛКБАНК

Халкбанк АД Скопје како носител на платниот промет има развиено брз, ефикасен и квалитетен систем за извршување на платниот промет, како една од основните функции во банкарското работење, со што на своите клиенти им нуди услуга согласно нивните потреби. Притоа, Халкбанк како банка чие мото е „Важни се луѓето“ на своите клиенти, физички лица кои имаат трансакциска сметка во Халкбанк, им овозможува плаќање на сметките за комунални услуги без надомест. Истото може да се изврши во која било фили–јала на Банката.

Халкбанк исто така нуди и други можности за плаќање на сметките, односно преку е–банкарство, што е исто така без провизија, како и со потпишување траен налог, со што Банката ги извршува плаќања секој месец без потребата клиентот да посетува некоја филијала и да ги приложува сметките.

Отворање трансакциска сметка во Халкбанк е брзо и едноставно и истото е без провизија. Клиентите на банката без провизија можат да вршат уплата на средства на своја сметка, а за исплатата се наплаќа 20 денари по налог. Подигање на средства може да се врши и на некој од многуте банкомати на Банката, а примателите на плата или пензија преку Халкбанк истото можат да го прават и на банкомати од која било друга банка во земјава без пресметување провизија.

Халкбанк за своите пензионери врши предвремена исплата на пензијата и тоа е пракса воспоставена и пред почеток на пандемијата со која следија препораките до банките за предвремена исплата на пензии.

Од почетокот на март Халкбанк е носител на платниот промет и во Македонска пошта. На шалтерите на Пошта граѓаните повторно можат да ги вршат сите плаќања во готово, што вклучува и плаќање на сметките за комуналните услуги. Надоместокот за оваа услуга е 35 денари и истиот е далеку понизок од оној што се плаќа во голем дел од банките во земјава.

ЗП Битола

# Пензионерите со тага се сеќаваат на депортираните еврејски граѓани

Ниту тагата, ниту изминатото време не може да ги избрише спомените на нивните другарчиња со кои заедно седеа во школските клупи, или трчкараа низ тесните сокачиња. Го помнат тој тмурен и дождлив ден кога тие занемени ги гледаа своите другарчиња кои со нивните родители и најблиските роднини со стражарска контрола се движеа кон железничката станица. Кога по неколку дена дознаа дека речиси сите тие над 3 000 и заедно со уште 4 000 други од Скопје, Штип и други места се загубени во злогласниот фашистички логор Треблинка, никогаш  не можеа да го најдат одговорот зошто сето тоа мораше да биде направено.

Времето минува, спомените и тагата не се заборааат. Така на секој 11–ти март расте возбудата за загубените еврејски граѓани од кои дел беа нивни другарчиња. Пред Камениот цвет во Домот за народно здравје каде што некогаш се наоѓаше еврејската синагога, а кој Дом го носи името на нивниот лекар Хаин Абраванел, битолчани им оддаваат почит на своите сограѓани. Се полагаат цвеќиња, се споменуваат имиња на лица што беа дел од нивното секојдневие. Годинава меѓу присутните најмногубројни беа пензионерите, некогашните врсници на најмладите еврејчиња. Се положија цвеќиња и пред бистата на народниот херој Естреја Овадија Мара, која избегнувајќи ја депортацијата загина како партизанка на Кајмакчалан. Битолчани во својата средина чуваат повеќе спомени кои не избришливо ги потсетуваат на животот со евреите – нивни сограѓани.

Пензионерите членови на ЗП Битола како составен дел на СЗПМ ја помнат секоја нивна куќа, игрите и песните што заедно ги играа со најмладите. Градоначалничката Наташа Петровска потсети дека и нејзиниот свекор, сега со побелени коси, не може да ја заборави морничавата колона во кои беа неговите другарчиња. За животот со нив зборуваа и други битолчани зашто депортираните и ликвидирани нивни сограѓани беа дел од нивниот некогашен живот.

Се потсетија и на Борис Алтипармаков и Богоја Силјановски, кои ризикувајќи ги своите и животите на нивните фамилии успеаја да спасат од трагедијата неколку свои сограѓани. Дел од нив заминаа во партизани, каде некои и ги загубија животите, а другите после преселувањето во Израел често се навраќаа во родниот град да ги оживеат спомените од заедничкиот живот со своите битолчани.

Настанот врежан во трагичното минато на овој град никогаш нема да ги заборави свотите сограѓани.  Доделени се и одликувања од израелската влада на дел од оние што се издвојуваат за храброста и соживотот со погубените граѓани.  Споменот на нив никогаш нема да избледе, а младите што ги сознаваат злосторствата се поучуваат дека тие никогаш повеќе не треба да се случат. Животот и слободата се симбол на човековото постоење.

Одбележувањето на 11–ти март на оној од 1943 г. треба да биде желба за негување на љубовта и соработката со сите слободољубиви луѓе какви што некогаш беа нивните еврејски сограѓани.

Во нивно сеќавање беа засадени спомен–дрвца, беше промовирана книгата „Браќата Манаки за еврејската заедница“ од проф. д–р Александар Манојловски, а промотор беше Мишо Китановски и рецензија на Александар Литовски, што беше уште една можност битолчани никогаш да не ги заборават своите граѓани – Евреи.

**П. Ставрев**

ЗП Сарај – Седница на Извршниот одбор и на Собранието

# И покрај пандемијата, резултатите не изостанаа

На 9.3.2021 година, Извршниот одбор на здружението на пензионерите Општина Сарај, под раководство на претседателот Махир Дураку, одржа седница на која покрај членовите на ИО присуствуваа и: Баки Бакиу, претседател на Собранието, Бедри Таири, претседател на НО, претседатели на ограноците и претседателката на Активот на жените. Главни точки на дневниот ред беа: Извештајот за работа на здружението во 2020 година; Финансискиот извештај за приходите и расходите за 2020 година, како и донесување одлука за усвојување на Годишната сметка за 2020 година.





По усвојувањето на записникот од последната седница на ИО и на дневниот ред, претседателот Дураку даде кратко резиме поврзано со остварените програмски активности нагласувајќи дека поради пандемијата истите не се остварени целосно. При тоа тој ги наброи остварените и нереализираните.  Посебно го потенцираше одржувањето на Ревијата на песни, музика и игри што се одржа во Рекреативниот центар Сарај, каде што ЗП Сарај беше домаќин, која се покажа доста успешна благодарение и на  СЗПМ. Тој ја истакна и доделената парична помош на пензионерите со ниски пензии. Што се однесува до финансискиот извештај тој истакна дека е во границите на планираното и дека поради редуцираните активности, расходите се помали. По дискусијата на Баки Бакиу, Бедри Таири, д–р Јован Дечков, Фета Демири и Зулфије Рамадани, трите документи беа усвоени едногласно.

На 16.3.2021 година, седница одржа и Собранието на здружението на која покрај членовите на Собранието присуствуваа и: Махир Дураку, претседател на ИО, Бедри Таири, претседател на НО и претседателот на огранокот Фета Демири. Точките на дневниот ред беа исти како и на ИО. На седницата претседателот на Собранието Баки Бакиу даде акцент на тоа што е остварено, а што не е, како и за приходите и расходите во 2020 година. При тоа, тој меѓу другото истакна дека и покрај тоа што беше тешка годината поради пандемијата, во тие услови има и успешни резултати, а Финансискиот извештај е во границите на планираното, за што има писмен извештај од НО. За програмските активности зборуваше и претседателот на ИО Махир Дураку. По дискусиите едногласно се усвоени сите документи. На крај беше верифициран мандатот на Абедин Кроси за член на Собранието предложен од огранокот Кондово.

**Б. Б.**

ЗП Прилеп

# Здруженијата постојат за да се грижат за пензионерите!

На последната седница на Здружението на пензионерите од Прилеп, Славко Трајкоски претседателот на сите пензионери од општините  Прилеп, Кривогаштани и Долнени, со повеќе од 15 илјади пензионери, имаше свое експозе во кое ја истакна улогата на добро организираните здруженија на пензионери.

Меѓу другото, Трајкоски во излагањето се задржа на „подмладувањето“, или како што рече внесувањето во здруженијата, односно во нивните органи и тела „свежа крв“.

– Ние, како Здружение веќе на  повеќе наврати тоа го направивме. Така, на местото претседатели во сите 19 ограноци, уште со мојот избор го направивме тоа подмладување. Заменивме, односно, водевме политика самите членови од ограноците да изберат нови претседатели. Тоа го сторивме и со членувањето,  делегирањето  делегати во Собранието. Таму веќе имаме 29–мина нови, односно делегати кои не биле ниту еден мандат во кој било орган на Здружението. Инаку, јас се залагам за само еден или најмногу два мандата на раководните места во органите и телата на сите здруженија, членки на СЗПМ. Кон ова, сметам дека претседателите на здруженијата треба домаќински да се однесуваат и да работат и тоа во вистинска смисла на зборот, оти сите ние како раководства постоиме за пензионерите, за здруженијата, а не обратно. Ние направивме многу и на родовата застапеност на жените во органите на нашето здружение. Така и за претседатели на ограноците од само една, сега имаме неколку. Бројот на пензионерките го зголемивме и во Извршниот одбор и во комисиите и другите тела. Со вакво освежување во органите и телата на Прилепското здружение на пензионери, се надеваме во наредниот период, зависно од состојбата со коронавирусот да ги реализираме планираните активности. И, секако без лажна скромност, сметам дека сме едно од подобрите, во смисла на активност, здружение на Сојузот.

За празникот на жените – Осми март, немавме собирање и прославување како лани и порано. На пензионерките, некаде повеќе од педесетина, претседателки на ограноците, делегати во Собранието, Извршниот совет, комисиите, Активот на жени, пејачките во двете културно иметнички друштва „Пенка Котеска“ и „Пензионер“ им дадовме пари да  купат скромни подароци, тоа што сакаат.  А, што се однесува до финансиското помагање на нашите членови за време на пандемијата од ковид 19, како и минатата година, така и сега, веќе претседателите на ограноците ги подготвуваат списоците со пензионери со ниски пензиски примања на кои ќе им доделиме ваучери од по 1.000 денари, за набавка на прехранбени и други производи за големиот христијански празник, како што е Велигден, – вели претседателот на ЗП Прилеп, Славко Трајкоски.

**К. Р.**

ЗП Свети Николе

# Жените и творештвото

Жената е инспирација за многу сликари, поети, уметници, но жената е и творец, сликар поет, писател... жената е истрајна, достојна за почит, полна со љубов.

Во Општинска установа Дом на култура „Крсте Мисирков“ во Свети Николе, неодамна беше организира изложба на слики и ракотворби на светиниколчанки пензионерки, на која публиката беа главно жени кои со интерес ги разгледуваа изложените експонати. Присутните уживаа во креации на облека за децата, украсни перничиња, слики изработени од ткаенини, кукли Барбики, прекрасно облечени, како принцези, на креаторката Лилјана Панева. Изложените слики, на Вукица Петрушева, пејзажи и цвеќиња, работени во гваж техника, акварел и темпер, ги орасположија  дамите, кои  им се восхитуваа на убавината. Весна Спасева се претстави со несекојдневни плетени играчки за деца, шалови, капи... Сè беше изработено од мерцилизирани памучен конец или волница, во интересна и за многу непозната јапонска техника  „амигуруми“ –  плетено во круг. Внимание привлекоа извезените Вилерови гоблени, украсни предмети изработени во техника на класичниот декупаж и  структуралниот декупаж, инсталирани на дрво, медијапан, стакло и друго од Ленче Стојанова. И оваа изложба покажа дека жените од третата доба се прилагодија на новонастаната ситуацја со Ковид – 9, творат и докажуваат дека се непобедиви.





**В.П.**

ЗП Кисела Вода

# Чествување за херојот Цветан Димов



Во организација на огранокот „Цветан Димов“ кој работи во состав на ЗП Кисела Вода – Скопје, положено е свежо цвеќе на споменбистата на народниот херој Цветан Димов, чие име го носи огранокот. За неговиот живот, дело и револуционерниот пат зборуваше Горица Ангелевска.

Цветан Димов  потекнува од работничко семејство, па и самиот работел кај повеќе мајстори – занаетчии. На тој начин се запознал со тешкиот живот на работниците. Рано се вклучил во синдикалното движење, и заедно со Орце Николов биле организатори на многу штрајкови на чевларските и текстилните работници. Како истакнат комунист примен е во СКОЈ, а подоцна и во Комунистичката партија на Југославија. Познат е како синдикалист, комунист, партизан и учесник во НОБ. Поради своите антифашистички идеи и говори на штрајковите, бил фатен од бугарската полиција, мачен и убиен на 5.3.1942 г. По ослободувањето на нашата земја, прогласен е за народен херој на Југославија од Македонија.

На чествувањето присуствуваа претседателот на ЗП Момчило  Петровиќ, претседателката на огранокот Маре Мицевска и повеќе членови на ЗП Кисела Вода. Почит на народниот херој Цветан Димов оддадоа и претставници на Општина Кисела Вода, кои се поклонија пред бистата и положија свежо цвеќе.

**Василка Топаловска**

ЗП Куманово

# Донација за домот„Зафир Сајто“



ЗП Куманово и во време на пандемијата од коронавирусот и понатаму продолжува со реализирање помош за своите членови, а овој пат помошта беше наменета за станарите во Домот за стари лица „Зафир Сајто“ во Куманово. Примопредавањето на донацијата се изврши во дворот од старечкиот дом „Зафир Сајто“.

**Трајан Димитриевски**

НИЗ ИСТОРИЈАТА НА СЗПМ

# Прв настап на СЗПМ на Меѓународниот f3ŽO во Љубљана Р Словенија



На јубилејниот **10. фестивал** за третата животна доба, во **2010 година** во Љубљана, за првпат учествуваа пензионерите од Македонија со делегација од раководството на СЗПМ и КУД „Ѓоко Симоновски“ од ЗП Куманово. Во уметничкиот дел на отворањето на Фестивалот за првпат настапил ансамбл од друга држава и тоа токму од Македонија, КУД „Ѓоко Симоновски“ од Куманово.